**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# Фондот Филозофски факултет во Државниот архив на Република Македонија како извор за културата и просветата во Македонија меѓу двете светски војни

**Ментор:**
**Проф. Д-р Виолета Ачкоска**

**Кандидат:**
**Гордана Мојсоска**

**Скопје 2012 г.**

## ВОВЕД

Историјата на Македонија во 20 век е мошне богата со бројни процеси, настани и личности кои оставиле различни траги во животот и опстојувањето на македонскиот народ и на припадниците на другите националности и етнички заедници. Низ македонскиот 20 век повеќе пати се менувале туѓи власти: турски, српски, бугарски, грчки. Но, сепак во овој век, дел од македонскиот народ кој останал да живее во северозападниот дел на географска и етнографската територија на Македонија успеал да се избори за национална слобода и за своја држава. Тоа се оствари во текот на Народноослободителната борба со воспоставување и организирање на македонска власт во Асномска Македонија по Првото заседание на Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија на 2 август 1944 година и со прогласувањето во независна Република Македонија по 1991 година.

Туѓите власти настојувале да го одродат и обезличат македонскиот народ, да му наметнат туѓ идентитет, туѓ јазик, туѓа култура, за да го асмилираат во нивното етничко и национално ткиво, притоа употребувајќи разни форми, методи и средства за што побрзо да го превоспитаат во нивен национален дух, во неговата татковина да го направат туѓ, односно туѓ на своја земја.

Една од формите за организирано наметнување на туѓ јазик и туѓа национална култура во Македонија, била просветата. Преку спроведување на една смислена просветна политика требало да се влијае на најосетливиот дел од населението-децата и младината. На нив можело да се влијае преку нивното описменување и школување на туѓ јазик. Токму затоа секој окупатор посветувал посебно внимание за отварање на образовно-воспитни установи од сите степени на образованието, за опфаќање на што поголем број ученици, за подготвувањето на иден наставен кадар и за подготвувањето на службеници за органите на управата и сл.

Српските окупаторски власти во првата половина на 20 век имале можност двапати да се зафаќаат со реализирање на нивната големосрпска просветна политика во делот од Македонија кој по балканските војни 1912/1913 година и по

втор пат по Првата светска војна од крајот на 1918 до 1941 година се наоѓал под српска окупација.

Првиот период на српската окупација во Македонија од крајот на 1912, односно од септември 1913 година до октомври-ноември 1915 година до заминувањето на српските окупаторски власти од Македонија, или познат меѓу населението како „прво српско“ бил релативно краток за да може да се организира една постабилна училишна мрежа на основни, а уште помалку на средни училишта. За отварање на некоја високобразовна институција-висока школа или факултет не можело да стане ниту збор.

Во вториот период на српската окупација во Македонија 1918-1941 година, „второ српско“ српските просветни власти имале релативно поповолни услови да се обидат не само да ја покријат целата територија на делот од Македонија под српска власт со училишна мрежа (основни, гимназии и средни училишта), туку и да отворат во 1920 година една високошколска институција во Скопје - Филозофски факултет.

Главната задача на оваа високообразовна цел била да привлече што поголем број млади луѓе од Македонија, Јужна Србија и Косово и Методија, да ги образува и воспитува во српски национален дух, да им ја презентира српската култура, да организира научноистражувачка дејност на професорите и студентите, за да ја проучуваат Македонија како српска земја, научно да го докажуваат „правото“ на Србите на овој дел од Балканот, кој го именувале како Јужна Србија и сл.

За време на неговото дведецениско постоење на Филозофскиот факултет се создавал и чувал прилично богат документарен материјал кој се однесува на: неговото основање, неговата организациона поставеност, неговата улога во државата и општеството, културните и научните дебати и трудови на професорите, социјалниот статуст на студентите, културните активности на студентите, нивната идејна и политичка активност и на многу други аспекти и области на делување на наставниците, соработниците и студентите. Сиот овој документарен материјал оставен од работењето на Филозофскиот факутет меѓу двете светски војни е пренесен и заведен како архивска граѓа во Државниот архив на Република

Македонија (ДАРМ). Оваа архивска граѓа е сместена во архивски фонд Филозофски факултет - Скопје и е обработена според архивските законски прописи. Еден дел од документите кои се однесуваат на научната и стручната дејност на професорите и соработниците на Филозофски факултет е оформен како посебен подфонд под име Скопско научно друштво, но таа архивска граѓа кореспондира со архивската граѓа во фондот Филозофски факултет.

Предмет на мојот магистерски труд се истражувањето и презентирањето на неговите архивистички аспекти и вреднувањето на неговата содржина како извор за македонската историја меѓу двете светски војни.

# ПРВА ГЛАВА

## *СРПСКАТА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ПОЛИТИКА ВО МАКЕДОНИЈА(1918-1941) И УЛОГАТА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

### 1. 1. *Политичката положба на Македонија во Кралството на СХС-Кралството Југославија*

#### *1.1. 1. Македонија во Кралството Србија (1912-1915)*

До Првата балканска војна од 1912 година целата територија на географска и етнографска Македонија се наоѓала под власта на Османската империја. Во последните децении од османското владеење територијата на Македонија во админитративната организација на Империјата влегувала во три вилаети: Солунски, Битолски и Скопски (Косовски) и во повеќе санџаци. Но, независно од тоа османската власт функционирала подеднакво во сите административни организации и положбата на македонскиот народ била секаде иста. Службен јазик бил турскиот. Истиот бил употребуван и во турските основни и средни училишта ширум Македонија во кои можеле да се школуваат и македонските христијански деца. Македонскиот народ немал статус на признат народ (милет) и не можел да органзира своја црква и своја просвета. Македонците по вера како христијани можеле да припаѓаат на една од признатите христијански црковни организации (Грчката патријаршија, Бугарската егзархија и Српската православна црква) а своите деца да ги праќаат во училиштата организирани од споменатите црковни организации, помогнати од нивните држави. На тој начин со големи средства и пропаганда соседните држави кои имале територијални претензии кон Македонија создале на територијата на Македонија разгранета мрежа на училишта на грчки, бугарски и српски јазик уште додека таа била под османска власт.[1]

---

[1] Д-р Глигор Тодоровски, *Просветната политика на Кралството Србија во Македонија по Балканските војни 1912-1915 година*, Просветно дело, Скопје 1975, стр. 13-17. Податоците во овој труд се однесуваат на делот од Македонија кој подоцна потпаднал под српска власт. Освен

По Првата балканска војна Кралството Србија окупирало дел од Северозападна Македонија, поточно денешната територија на Р. Македонија без градовите Штип, Струмица, Дојран, Кочани, Берово, Радовиш, Пехчево, Царево Село со нивните околини, кои останале под бугарска окупација. Споменатата територија под српска власт била организирана во 4 окрузи.

По Втората балканска војна во која сојузните Србија, Црна, Грција, Романија и Турција ја победиле Бугарија, Србија со Букурешкиот мировен договор склучен на 10 август 1913 година ги добила и гореспоменатите градови: Штип, Струмица, Дојран, Кочани, Берово, Радовиш, Пехчево, Царево Село кои денес влегуваат во Р. Македонија, освен градот Струмица со 66 села кои останале под бугарска власт. Вака проширената територија српските власти ја организирале во 7 окрузи: Скопски, Тетовски, Дебарски, кој од 1913 година се преименува во Охридски, Битолски, Тиквешки, Брегалнички и Кумановски округ, поделени на повеќе околии. Целата територија која Кралството Србија ја добило по поделбата на Македонија и делот од Јужна Србија, Косово и Метохија и Санџак, ја нарекувале „новоослободени краеви“, нагласувајќи со тоа дека Србија ја оствариле ослободителната мисија кон дотогаш поробените браќа Срби во тие „српски“ краеви. Сите овие области биле именувани како Јужна Србија. На тој начин терминот Јужна Србија не се однесувал само на делот од Македонија под српска власт, но сепак најчесто се употребувал и само за Македонија. И покрај тоа што Кралството Србија ги сметало новоослободените краеви за свои српски територии, тоа наместо да ги применува сите одредби на Уставот на Србија, донело две специјални уредби едната под наслов „Привремена уредба за уредување на новоослободените краеви“ од 14 декември 1912 година и втората „Уредба за уредување на ослободените краеви“ од 18 август 1913 год.[2] Со нив предвидела специјални мерки за воспоставување и одржување на српската власт во споменатите краеви.

---

споменатите училишта биле отворени и училишта на романски јазик како и училишта на странските црковни и добртворни училишта на странски мисии.

[2] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHA, Beograd 2002, 27.

При крајот на 1913 година бил направен и прв попис на населените места и на жителите во споменатите краеви.[3] Тој попис не бил извршен по статистичките стандарди но сепак давал приближна слика на бројот на жителите кој бил потребен, пред сè, на воените власти, заради мобилизацијата, но и за другите дејности, меѓу кои и за просветата.

По воспоставувањето на воената, полициско-жандармериската и административно-управната власт, српските државни власти им наредиле на окружните управници да направат исцрпни извештаи за стопанската, безбедносната, просветната положба за да се види какви мерки ќе бидат преземени за нормализирање на животот после двете балкански војни. Сите тие пишани извештаи даваат богат материјал за истражување на историјата на македонскиот народ и припадниците на другите народности во Македонија за време на првата српска окупација (1912-1915).[4]

Во извештаите на окружните началници, но и на околиските управници во Македонија се наоѓаат голем број податоци за состојбите во просветата во овој дел на Македонија: за бројот на поранешните училишта, кои работеле за време на османската власт, за бројот на српските училишта и потребата од отварање на нови, за положбата со училишните згради, за учителите, особено со проблемот на прифаќање на дотогашните учители Македонци кои работеле во егзархиските училишта.[5] По започнувањето на мобилизацијата на учителите во српската војска од пролетта 1914 година, а особено од започнувањето на Првата светска војна на 29 јули 1914 година, проблемот со учителскиот кадар уште повеќе станал актуелен.

Поради овие состојби српските власти не можеле да ја воспостават мрежата на основни, уште помалку на средни училишта, а за отварање на некоја виша или високобразовна установа не можело да стане ни збор.

---

[3] Мил. Ант. Вујичић, *Речник места у ослобођеној области Старе Србије*, Београд 1914.

[4] Петар Стојанов, *Македонија во време на Балканските и Првата светска војна*, ИНИ, Скопје 1969, 131 - 138.

[5] *Српски Извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914*, Српски извори за општетсвено-политичката, економската и културно-просветната положба во Македонија по Балканските војни, Избор, редакција и коментар: д-р Глигор Тодоровски, ИНИ, Скопје 1979, стр. 111-114, 200-203, 288-302, 337-338.388-391.

Учителите, наставниците и училишните надзорници (инспектори) од Србија и Црна Гора кои биле назначени во Македонија заедно со српските офицери, чиновници, свештеници и други претставници на српската власт, требало да бидат иницијатори на бројни прослави, приредби и друг вид на активности за опфаќање во нив и на Македонците, Турците, Албанците особено по градовите, за што побрза асимилација и денационализација.

Малубројните Македонци кои се затекнале на универзитетите во европските земји Швајцарија, Австрија, Франција, Русија, како и оние во Софија и Белград го продолжиле школувањето на истите.

Освен училиштата кои требало да влијаат најдиректно на младата генерација за прифаќање на српството, на српска национална свест, српскиот јазик, српскиот начин на однесување, српските власти започнале и со отварање на културни институции преку кои требало да се развиваат културата и уметноста, но и да се спроведува србизацијата на интелектуалниот и граѓанскиот слој од населението во Скопје и пошироко. Меѓу првите бил отворен и Српскиот народен театар во Скопје во зграда која се наоѓала на местото каде се гради денешната нова зграда на Народниот театар. Прв управник на театарот бил писателот Бранислав Нушиќ.[6]

Овој краткроаен период на првата српска окупација на Македонија завршил со влегувањето на Бугарија во Првата светска војна против Србија во средината на октомври 1915 година. За два месеци целата територија на Македонија која дотогаш била под српска власт преминала под окупација на Централните сили. Српската војска се повлекла од Македонија, а српската административна власт престанала да функционира.  Исто така престанале да работат сите српски

[6] А. Вучетић, *Прилог за историју народног позоришта у Скопљу (1913-1915)*, „Јужна Србија„ бр. 48- мај 1925, стр. 92-95. „Српското народно позориште„ свечено било отворено на 27 декември 1913 година со говор на неговиот управник Бранислав Нушиќ, претседателот на Скопската општина Спиро Хаџи Ристиќ и претставник од министерот за просвета од  Белград. Меѓутоа, само по кратко време во февруари зградата изгорела во пожар, но српските власти набрзо започнале да градат нова, која поради Избувнување на Првата светска војна останала недовршена. Но,по враќањето на српските власти во Македонија по Првата светска војна била доградена зградата на театарот покрај Вардар во која меѓу двете светски војни се играле најмногу претатави од српски автори но и од светски.

училишта. Српските учители и училишни надзорници избегале зедно со српските чиновници.

Главна улога во окупацијата имала Бугарија, бидеќи освен воената сила распоредена во Македонија и на Македонскиот фронт, ја организирала и цивилната власт, организирајќи ја како Македонска воено-инспекциска област (МВИО).[7]

По воспоставувањето на бугарската окупаторска власт бил воспоставен бугарскиот образовен систем, кој се одржал сè до пробивот на Македонскиот фронт од страна на силите на Антантата во средината на септември 1918 година и враќањето на српската окупаторска власт.

### *1.1.2.Македонија во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците - Кралството Југославија*

По пробивот на Македонскиот фронт од страна на војските на Антантата во средината на септември 1918 година и навлегувањето на српските војски во вардарскиот дел на Македонија, по вторпат била воспоставена српската воена власт. Српската војска застанала на границите воспоставени согласно одредбите од Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година. Набрзо потоа, во текот на октомври 1918 година била воспоставена полициско-жандармериската мрежа и целокупната српска административно-управна власт. Се вратиле и дел од учителите и училишните надзорници, кои порано биле на служба во Македонија. На тој начин вардарскиот дел на Македонија повторно станал дел на Кралството

Србија. Со прогласувањето на новата држава Кралството на Србите, Хрватите и Словенците на 1 декември 1918 година и Македонија, под српска власт како дел од Кралството Србија, влегла во оваа држава.[8]

Тој дел на Македонија влегол во првата југословенска држава како српска територија. Статусот на Македонија во неа бил специфичен. Македонија била

[7] Петар Стојанов, Македонија во време... op.cit.,373-374.

[8] Branko Petranović, Momčilo Zečievič, Jugoslavija 1918-1984, zbirka dokumenata, RAD, Beograd, 1985, str. 121-124.

третирана како српска етничка територија, нарекувана „новоослободени српски краеви“, или „Јужна Србија“, а македонскиот народ како дел од српскиот народ, односно како Јужни Срби - Јужносрбијанци. Бидејќи не бил признаен како посебен народ, немал право на никакви национални, јазични и културно-просветни права. Српскиот јазик бил единствен службен јазик и единствен јазик во образованието.

Оваа прва југословенска држава формирана од повеќе југословенски земји живееле повеќе југословенски народи и десетина национални малцинства, односно во неа постоел национален плурализам. Меѓутоа големосрпските власти во Белград спроведувајќи ја својата српска национална програма ја организирале како еднонационална држава, наметнувајќи ја тезата за еден народ со три имиња, или народ со три племиња: Срби, Хрвати и Словенци. На тој начин полесно ја спроведувале хегемонијата над другите народи со обезбедување на првенство на српските политички фактори во политичкиот систем во земјата. Името Македонија и Македонци не се вклопувале ниту во именувањто на државата. Македонците ги нема во името на државата бидејќи не биле признаени ниту како име ниту како племе, како што биле признати Словенците, Хрватите и, се разбира, Србите. Таа состојба биле и уставно втемелена со донесувањето на првиот устав на 28 јуни (Видовден) 1921 година, познат како Видовденски устав, во кој само се потврдуваат трите имиња Србите, Хрватите и Словенците во името на државата.[9]

Тоа име на државата се задржало сè до воведување на Шестојануарската диктатура во Југославија. Кралот Александар Караѓорѓевиќ на 3 октомври 1929 г. донел Закон за името на државата и поделба на Кралството на управни подрачја, според кој името на државата се променило во Кралство на Југославија.[10] Ова име влегло и во Вториот устав на државата донесен во септември 1931 година кој не бил донесен во Уставотворното собрание, туку бил подарен од кралот и затоа го добил името Октроиран остав.[11]

---

[9] Ferdo Dulinović, Jugoslavija između dva rata, II, Zagreb 1961,13.

[10] B.Petranović, M.Zečiević, Jugoslavija 1918-1984...op.cit.,; F.Dulinović, Jugoslavija između dva rata...op.cit.,13.

[11] *Устав Краљевине Југославије од 3 септембра 1931 год.*, издаје др. Гојко Никитић, четврто издање, Београд 1934.

Локалната власт во Вардарска Македонија која влегла во рамките на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, до 1922 година била организирана во 7 окрузи, поделени на околии, а овие на општини. Окрузите биле: Скопскиот, Тетовскиот, Охридскиот, Битолскиот, Тиквешкиот, Брегалничкиот и Кумановскиот округ. Во Скопскиот округ влегувала и Качаничка околија, а во Кумановскиот влегувала и Прешевската околија.

Во април 1922 година наместо окрузи, територијата на Југославија во административно-управен поглед била поделена на 33 области. Територијата на Македонија била организирана во три области и тоа: Скопска, Битолска и Брегалничка област. *Со Законот за името на државата и поделбата на Кралството на управни подрачја* од 1929 година била направена нова организација на локалната власт. Целокупната територија на Кралството Југославија била поделена на девет административноуправни области - бановини: Дравска, Савска, Приморска, Врбаска, Дринска, Дунавска, Моравска, Зетска и Вардарска.[12] Од вардарскиот дел на Македонија и териториите од јужниот дел на Србија, Косово и Метохија и Санџак, кој дотогаш се именувал Јужна Србија била организирана Вардарската бановина.

Во периодот меѓу двете светски војни, особено во првите години во Кралството СХС биле формирани голем број политички партии во сите југословенски земји, освен во Македонија. Српската власт не дозволувала да се формираат политички партии или организации со македонска национална програма. Македонците како Срби можеле да учествуваат во српските политички партии, да се кандидираат на нивните листи за пратеници во Народната скупштина во Белград. На тој начин Македонците не можеле јавно и легално преку институциите на системот да бараат остварување на нивните витални барања: решавање на економско социјалното прашање, националното прашање, спроведување на праведна аграрна реформа и други барања. Сите парламентарни

[12] F. Dulinović, Jugoslavija između dva rata...op.cit.,13.

избори: од 1920, 1923, 1925, 1927, 1935 и 1938 година српските власти ги користеле за агитација за собирање на гласовите на Македонците, Турците, Албанците и др.[13]

Бидејќи не бил признаен како посебен народ, немал право на никакви национални и културно-просветни права. Српскиот јазик бил единствен службен јазик и единствен јазик во образованието, Македонците, Албанците, Турците и сите други национални малцинства во сите степени на образованието се школувале на српски јазик. Во рамките на таа прва Југославија биле отворени основни училишта, гимназии и средни стручни училишта за подготвување на кадри кои требало да се вклучат во админастрацијата, стопанството, просветата и во други области.

### *1.1.3. Србизација на младите генерации*

За успешната србизација на македонскиот народ, оссобено на младите генерации, во вардарскиот дел на Македонија особено внимание му се посветувало на образованието.

Потпирајќи се врз просветните традиции од српската пропаганда во периодот на Османлиската Империја, веднаш по војните, српската власт си ги поставила следните цели во образованието:

**1.** да се создадат нужните материјални услови - згради и опрема, за да се прифатат во нив што е можно поголем број деца, особено оние што пред војните учеле во разни несрпски пропагандни школи;

**2.** во сите поголеми (со над 10 и повеќе илјади жители) и помали погранични градови кон Бугарија и Албанија, да се отворат средни училишта - реални гимназии, кои би требало да ги прифатат сите деца од дотогашните разновидни средни училишта како и оние што стекнале услови да стапат во нив;

**3.** да се задржи учителското училиште во Скопје, а во Призрен богословско-учителското училиште, за да можат не само учениците што дотогаш учеле во нив

---

[13] Надежда Цветковска, *Граѓанските партии во вардарскиот дел на Македонија* (1935-1941), ИНИ, Скопје 1996; Надежда Цветковска, *Политичките партии во парламентарните изборни борби во вардарскиот дел на Македонија (1919-1929)*, ИНИ, Скопје 2004.

да ги завршат туку тоа да го сторат и оние ученици што учеле во слични други пропагандни училишта;

**4.** да се создаде кадар што ќе може да ги покрие барем повеќето од оние просветни институции што пред војните им припаѓале на другите пропаганди;

**5.** отворање курсеви за оние просветни работници што биле под раководство на Бугарската егзархија и др. (за кусо време низ овие курсеви поминале 400 поранешни егзархиски учители);

**6.** отворање на т.н. народни школи за масовно образование на возрасните итн.[14]

Со релативно нормална работа, образованието на српски јазик во овој дел на Македонија започнало во учебната 1922/23 година. Тогаш биле опфатени околу 26 илјади ученици во училишта кои биле отворани во приватни куќи, напуштени згради од турските големци, црковни објекти, па дури и кафеани, што укажува на фактот дека властите сакале да опфатат во образовниот систем што е можно поголем број деца. Сепак протежирањето на изградбата на модерни училишни згради долж бугарската граница, под изговор дека на исток е „поопасниот непријател", сведочело за пропагандната функција на просветната политика.[15] Наспроти ова, западниот дел од вардарската бановина кој бил познат по печалбарството и како последица на него, отсуството на поголемиот дел од популацијата, бил потполно запуштен во тој смисол. Просветните органи на Југославија биле опседнати со потребата за провлекување на антибугарски акции низ сите наставни програми и планови, а во антибугарските мерки секако спаѓал и редовниот надзор на училиштата во „критичните краеви".

Во првите години по завршувањето на војните, српската власт покажала големи амбиции и во ширењето на средното гимназиско образование. Освен во Кратово и Крива Паланка, биле обновени сите гимназии што работеле пред

---

[14] Историја на македонскиот народ, том IV, *Македонија меѓу Балканските војни и Втората светска војна (1912 - 1941)*, ИНИ, Скопје 2000, стр.175-176.

[15] Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929 - 1941*, Београд, 2011, стр. 419.

почетокот на Првата светска војна, а биле отворени гимназии и во Кавадарци и Струмица. Вкупно во учебната 1924/25 година, во Македонија работеле седум полни и пет неполни гимназии. Во интерес на поставената цел, внимание му се поставувало и на високото образование. За да се изолираат македонските студенти од несакани влијанија, биле воведени рестрикции при запишувањето на универзитетите во некои земји во Европа. Студентите од Македонија можеле да се запишуваат само во Англија и Франција - сојузнички на Србија во Првата светска војна. Во земјата можеле да студираат на универзитетите во Загреб и Белград. Со отворањето на скопскиот Филозофски факултет во 1920 година, биле комплетирани сите степени на српското образование во овој дел на Македонија и биле обезбедени потребните услови за создавање хуманистичка интелигенција од редовите на македонскиот народ, преку која требало да се изврши поставената задача - неговата србизација.

Големосрпскиот режим бил наполно свесен за тешкотиите што го очекувале на патот кон реализацијата на денационализаторската политика. Тој знаел дека, и покрај војните, и покрај емигрирањето на развиениот и политички зрел дел од македонската интелигенција во странство, и покрај системот на постојан притисок, револуционерните борби на македонскиот народ ја зацврстиле свеста за неговата национална индивидуалност и самостојност и дека искоренувањето на таквата свест ќе бара трајна, упорна, докрај пресметана политика. Освен тоа, туѓите пропаганди, во прв ред бугарската и грчката, беа создале исто така свои приврзаници. Сето тоа, големосрпскиот режим во Македонија по војните го поставило пред многубројни тешкотии зголемени со недоволниот и за неговата политика неподобен просветен кадар, со недоволен број училишни згради, со недостиг на потребните средства итн. Кон тоа се придружил и проблемот што да се прави со оние генерации ученици кои поради пропагандите и војните своето школување го започнале во други, несрпски училишта. Таквите околности налагале со школувањето да се започне на широк план, што требало да овозможи опфат на сите деца коишто веќе го започнале своето образование во просветните институции на другите пропаганди и што требало да помогне поскоро да се создадат месни кадри кои ќе прераснат во спроведувачи на зацртаната политика. Но, илузиите дека

низ масовното образование успешно ќе се одвива србизацијата на македонскиот народ, набрзо почнале да се топат, да се претвораат во разочарување и гнев. Причина за тоа бил отпорот кон политиката за денационализација. А отпорот особено се манифестирал во средното образование. Како резултат на тоа, две до три години по отворањето на наведените средни училишта започнало да се размислува за нивната редукција. Официјална причина за тоа бил недостигот на средства. Меѓутоа, фактот што во предлозите за редукција или просто за укинување на гимназиите стоеле и сугестиите, учениците од тие гимназии да се преместат на други места (во Србија) и да се сместат во интернати, така што овој потег на владата, всушност, ја објаснува политичката страна на проблемот. Впрочем, најдобра потврда за тоа е предлогот што бил испратен до кралот, со барање да се ликвидираат гимназиите во „Штипската и Брегалничката и особено во Битолската област". Во аргументацијата на овој предлог до кралот, меѓу другото, се вели: „Ваше Величество, во Штипско и Брегалничко и особено во Битолската област не треба да им се даде ниту една виша гимназија, туку само нижа со четири класа, бидејќи од овие училишта излегува младина која е против нас. Тоа што ние во училиштата до пладне го градиме, дома попладне се разградува. Единствен излез од тоа е интернатската настава". Така, по седумгодишното искуство од функционирањето на средното образование во Македонија, како резултат на политичкиот притисок, иако не биле мали ниту економските причини, со кралски указ од 27 август 1929 година, пет полни гимназии во Македонија, во Куманово, Штип, Велес, Прилеп и Охрид биле претворени во нижи. Од своја страна, нижите гимназии во Ресен, Кичево, Дебар, како и учителското училиште во Прилеп биле укинати. Биле оставени да работат само четири полни гимназии: две во Скопје и по една во Тетово и во Битола. Нижа гимназија имало и во Гевгелија. Со извршените промени не бил зафатен Филозофскиот факултет во Скопје.[16]

Причините за неуспехот на србизацијата во Македонија власта ги нашла во дејноста на учителите Македонци. Српската власт во нејзината првобитна намера да изгради масовно основно и средно образование во Македонија се судрила со

[16] Историја на македонскиот народ, том IV, *Македонија меѓу Балканските војни и Втората светска војна (1912 - 1941)*, ИНИ, Скопје 2000, стр.177.

една објективна тешкотија. Таа не располагала со потребниот просветен кадар, особено за основното образование. За да го реши кадровскиот проблем, била принудена да го ангажира месниот учителски кадар, од кој најголемиот дел своето образование го стекнал во егзархиските просветни институции и предавал во егзархиските училишта. Но, и да располагале со доволен број учители, српската власт од политички причини не можела да не прими на работа дел од месниот учителски кадар. Имено, тој кадар станал предмет на незадоволство и бил обвинет како носител на отпорот на политиката на србизација. Се разбира, не е далеку од вистината дека месниот учителски кадар многу не придонесувал за србизацијата. Во тоа и лежел гневот на српската власт кон тие учители. Се сметало дека со нивното отстранување од училиштата и од средината ќе бидат совладани дел од причините поради кои србизацијата не се одвивала со посакуваните динамика и резултати. Се започнало со систематско и трајно преместување на македонскиот учителски кадар во другите делови на земјата, главно во Србија и Црна Гора и негово заменување со српски учители.

Учителите Македонци не биле единствените, а веројатно не и најважните фактори за неуспехот на србизацијата. Властите биле свесни дека главниот носител на отпорот била самата македонска средина. Тоа сосема експлицитно го објаснува и еден од поинтелигентните спроведувачи на српската политика во Македонија, банот Жика Лазиќ, кој проучувајќи го местото на учителите Македонци во сопствената средина, нивниот однос кон власта, нивното залагање за коректно спроведување на училишната програма, нивната поврзаност со средината во којашто работеле, проучувајќи ги обврските со кои била должна да се занимава власта во Вардарска бановина, дошол до следниве констатации:

„Од информациите на околиските началници се гледа дека сите краишта на оваа бановина, ниту порано ниту пак денес имаат во доволен број наполно исправни народни учители. Голем дел од неа е пополнет со учители кои биле порано егзархиски воспитаници или пак се од познати егзархиски семејства. Поради тоа, тие постојано се изложени на влијание на семејството и на роднините. Колку и да сакаат да бидат коректни, тие сепак до крај не успеале да се еманципираат од влијанието на средината во која пораснале. Поради тоа тие, во

секојдневното општење со средината зборуваат на месниот дијалект, живеат на ист начин како што живее нивната средина. Многумина од нив се женети со селанки од своите или од соседните села. Нивниот семеен живот е сосема идентичен со животот на селаните, затоа и не се соодветни за позивот вистински народен учител. ... Не може да се каже дека во однос на нивната школска способност тие се лоши учители и дека сите од ред треба да се отпуштат од државната служба. Меѓутоа, со оглед на деликатната положба во која секој јавен работник се наоѓа работејќи во оваа бановина, во интерес на државата како и во нивен личен интерес, треба да се преместат од досегашните места и да се изолираат од средината која има штетно влијание врз нив."[17]

Од Македонија не биле прогонувани само учителите.. Постепено прогонувањето се проширило на целокупната македонска интелигенција која одбивала да се претвори во инструмент на денационализација и асимилација на својот народ.

Политиката на прогонување на македонскиот учителски кадар имала повеќекратни штетни последици за образованието. Во земјата се чувствувал голем недостиг од учителски кадар. Од вкупно 2 300 учителски места, колку што имало во основните училишта во Вардарската бановина, 550 не биле пополнети, а 250 основни училишта, со ретки исклучоци, воопшто не работеле. Настојувањата на државата празните места да ги пополни со учители од Србија биле безуспешни. И покрај многуте бенефиции што им ги давале на учителите од Србија за да дојдат на територијата на бановината, одѕивот бил слаб. Крајниот резултат од тоа била големата неписменост на населението.

Се поставува прашањето, дали не се работело за смислена политика, младите генерации во Македонија да останат неписмени, надевајќи се дека на тој начин полесно ќе можат да се асимилираат. На тоа упатуваат амбициите со коишто српската власт по Првата светска војна настапила во Македонија. Прво, експанзија

[17] Историја на македонскиот народ, том IV, ...op.cit.,180.

на основното и средното образование, потоа редукција на средното образование поради разочараноста од слабите резултати од асимилацијата.

### 1.1.4. Младинските здруженија како инструмент за србизација

Во примената на политиката на србизација посебно влијание и се посветувало на младината, на нејзиното организирање и воспитување, но и на контролата на нејзиното однесување. Сите настојувања биле во правецот колку што е можно повеќе млади луѓе да бидат организирани преку разни здруженија во кои државата го обезбедувала своето присуство. Притоа, не се водело многу сметка за националните погледи на поединците. Било доволно младите луѓе да прифатат членство во понудената организација, да ги исполнуваат програмските задачи на организацијата и да не развиваат антисрпска активност.

Особено внимание се посветувало на средношколската и на студентската младина. Посебна грижа им се обрнувала на малубројните студенти од Македонија што студирале на универзитетите во Белград и Загреб. Таму, далеку од Македонија и од контролата на српската власт, тие паѓале под влијание на демократските и револуционерни движења чиишто идеи потоа ги пренесувале во сопствената средина. Поради тоа, власта настојувала нив да ги организира во здруженија преку кои би остварувала влијание и контрола. Така биле формирани голем број разни здруженија, според некои статистики околу триесетина, во кои биле опфатени делови од македонската младина. Здруженијата биле од локален, покраински и општодржавен карактер. Меѓу многуте машки и женски здруженија во коишто биле организирани македонски младинци, меѓу 1920 и 1930 година било и Здружението на Јужносрбијанците, основано како Здружение на Србите од Јужна Србија во Белград 1923 година. Ова здружение било основано исклучиво за опфат на печалбарите и студентите од Македонија и Косово. Во 1928 година во Скопје е основано Здружение на националистите на Јужна Србија. Во Македонија своја дејност развиле и Српската национална младина (СРНАО) и Организацијата на здружените југословенски националисти (ОРУЈНА). Имало бројни спортски, планинарски, фолклорни, аматерски, есперантски, трезвењачки и други младински

организации. Некои младински организации биле организирани од српските граѓански политички партии, Радикалната и Демократската. Дејствувале и одделни организации на женската младина: „Кнегиња Зорка“, Хајрие, Женски покрет, Коло на српските сестри итн. Многу од нив биле создадени исклучиво во функција на политиката на србизација на македонскиот народ и по воведувањето на Шестојануарската диктатура исчезнале. Тие, како и целата политика на денационализација и асимилација не успеале да ја исполнат поставената цел. На нивното место, речиси со истите задачи, но со обид за наметнување на пројугословенска и космополитска филозофија ќе се појават други, нови здруженија.

### 1. 2. *Статусот на Филозофскиот факултет како високообразовна и научна институција (1920-1941)*

Со вклучувањето на „новоослободените краеви“ во составот на Кралството СХС се наметнала и потребата за широка просветна акција на југот. Народните и средните училишта веќе имале своја физиономија, но долготрајните влијанија на бугарските (егзархиски) училишта претставувале голема пречка. Освен тоа, националната политика на Кралството СХС во Јужна Србија барала стручна супервизија на соодветните установи од највисок ранг, под чија закрила би се спровела ефикасно. Тезите за „растеретување“ на белградскиот Филозофски факултет во почетокот биле повеќе техничко средство за материјално правдање на отворањето на една таква институција. Составот на наставниот кадар на скопскиот факултет, кој го сочинувала научната и културна елита на Кралството СХС, и високото значење кое му се придавало, укажува на сериозните намери на државата за реализација на големосрпската политика за побрза србизација на македонскиот народ. Една од улогите наменети на Факултетот била и стручно синхронизирање на акцијата за описменување на непросветената покраина. Меѓутоа во македонската историографија основањето на скопскиот факултет се доживува како создавање на

„клон на белградскиот универзитет" кој единствено требал да послужи како стожер за понатамошна „србизација" на Македонија.[18]

Уште во текот на 1919 и 1920 година кога се надминувале последиците од разурнувањата од војната и додека се правеле напори за обновување на високото образование во Белград, просветните власти го поставиле и прашањето за отварање на Филозофски факултет во Скопје, во рамките на Унуверзитетот во Белград.

Тогаш во Кралството на СХС постоеле Белградскиот, Загрепскиот и Љубљанскиот универзитет.

Министерот за просвета на Кралството на СХС на 2 февруари 1920 година ја одобрил Уредбата за Филозофскиот факултет во Скопје и за Правниот факултет во Суботица. Со тоа била направена правната подлога за започнување на наставата на Филозофскиот факултет во Скопје во учебната 1920/1921 г. Филозофскиот факултет во Скопје бил автономен во однос на организацијата, административното работење и буџетот, но се раководел според законите и уредбите на Белградскиот универзитет. [19]

Според основачите на Факултетот, Владата и Министерството за просвета, целта на неговото отварање била да подготвува наставнички кадри за училиштата во јужниот дел на тогашната југословенска држава: Македонија, Јужна Србија и Црна Гора, да придонесе за научно истражување на овој дел од државата, да ја шири културата и просветата на српски јазик и во српски национален дух со што на оваа установа и припаднал " најтешкиот и најубавиот дел од културно-просветната мисија на југот"[20]. Во однос на македонскиот народ факултетот требало да придонесе за негова побрза србизација. Но, независно од таа претежно политичка потреба на големосрпските власти кон овој дел на Македонија и македонскиот народ, Филозофскиот Факултет како највисока наставно-научна установа во Скопје

[18] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918 - 1929*. Makedonija, Sandžak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, INIS, Beograd 2002, 333.

[19] Проф. Д-р Даринка Петреска, *Филозофскиот факултет во Скопје од 1920 година*, Монографија "Филозофски факултет во Скопје", Скопје 2006, 18.

[20] Милица Дамјановиќ, *Напредни покрет студената Београдског Универзитета*, књига 1, Београд 1966, 63.

имал голема улога и во општествено-политичкиот и културниот живот во градот, во Македонија и во јужниот дел на Србија.

Времето во кое факултетот настанал било оптеретено со општ хаос во администрацијата, па така едвај била пронајдена и зграда во која би можел да се смести. Проблемот бил решен благодарение на ентузијазмот на осуммина професори, на чело со Тихомир Остојиќ и Радослав Грујиќ, па првите предавања во т.н. Идадија биле одржани на 21 декември1920 година, пред шеесетина студенти, а следната година факултетот бил преместен во сопствена зграда.[21]



**Учителската школа Идадија пред градскиот парк во Скопје во која започнал да работи Филозофскиот факултет**

Наставата започнала само на историско-филолошкиот отсек, а за отварање на природно-математичкиот отсек сè уште не биле создадени поволни услови. На 1 ноември 1920 година првиот Декан на Филозофскиот Факултет, **Тихомир Остојиќ**, објавил оглас за упис на слушатели за следните струки: *книжевност, лингвистика, историја, филозофија и педагогија.* Првата учебна година започнала на 16 декември 1920 година со пристапните предавања на професорите, кои се држеле до 21 декември, кога, пак, започнала и наставата за студентите. При основањето

[21] V.Jovanović, Jugoslovenska država..op.cit., 334.

Факултетот имал 2 редовни професори, 2 вонредни професори, 3 доценти и 3 хонорарни професори, кои ја покривале *наставата од општа историја и историја на српскиот народ, историја на српскиот јазик, историја на книжевноста, словенска филологија, историја на уметноста и археологија, а останатите предмети биле застапувани постепено со назначување на наставници по филозофија, географија, етнологија, германски јазик и книжевност, за француски јазик и книжевност (1924), за кмпаративна книжевност (1926).* До 1926 година биле пополнети 10 катедри и тоа: *Југословенска книжевност, Класични јазици со книжевност, Археологија, Историја на Србите, Хрватите и Словенците, Општа историја, Византологија, Германски јазик со книжевност, Француски јазик со книжевност, Теориска филозофија и Географија.* До 1927 година на факултетот биле организирани 13 семинари и еден институт со свои библиотеки: *семинарите за Археологија и Историја на уметноста, Историја на средниот век, Историја на Јужните Словени, Јужнословенска и споредбена книжевност, Историја на новиот век, Германски јазик и книжевност, Француски јазик и книжевност, Српскохрватски јазик и книжевност, Теорија на филозофијата, Педагошкиот и Етнолошкиот семинар како и Географскиот институт со своја библиотека.*

Државата вложувала во Факултетот периодично и несистематски. За буџетската 1932/33 година за Филозофскиот факултет биле наменети 100.000 динари: 90.000 за снабдување на библиотеката, семинарите, институтите и за повез на книгите, а 10.000 за Педагошкиот институт. Во однос на останатите високи школи во земјата во периодот 1929/33 година, Филозофскиот факултет добивал скромни финансиски средства: 1929/30 година добил 0,6% од вкупните средства наменети за снабдување на библиотеките, институтите и семинарите, учебната 1931/32 година добил 0,95, за да во 1933/34 тој процент порасне на 1,2%.[22]

Во 1927 година биле направени измени во Уредбата за Филзофскиот факултет според која новите студенти се запишувале по систем на групи со три групи предмети А, Б, В. На повеќе пати биле упатувани писмени барања до Универзитетскиот сенат во Белград за отварање на катедри, односно групи од

[22] В.Јовановиќ, Вардарска бановина...op.cit., 434.

природно-математичкиот отсек (природнознание, физика, хемија и математика) но поради недостаток на средства, професорски кадар и од други причини не било дозволено тоа да се реализира сè до крајот на постоењето на Факултетот, до 1941 г. Поради наближувањето на Втората светска војна на Балканот и по демонстрациите на 27 март 1941 година против потпишаниот пакт на Кралството Југославија со Третиот рајх, по наредба на Ректоратот на Универзитетот во Белград, Филозофскиот Факултет во Скопје престанал со својата работа на 3 април 1941 година.

За запишаните студенти во првите две години наставата траела 6 семестри, а од 1922 година 8 семестри. Бројот на запишаните студенти од година во година растел. Во првата учебна година се запишале 21 студент (11 женски, 10 машки), во 1924/1925 имало вкупно на сите години 118 студенти, 1928/1929 година 124 студенти, а последната учебна година 1940/1941 имало вкупно 280 студенти (од кои 124 биле новозапишани).

На чело на Филозофскиот факултет како декани се наоѓале повеќе професори: **Тихомир Остојиќ, Василије Ѓериќ, Петар Колендиќ, Радослав Грујиќ, Мита Костиќ, Никола Банашевиќ**. На Филозофскиот факултет во Скопје предавале наставници со различна национална припадност: Срби, Хрвати, Словенци, Руси и други, дел од нив се школувале на познатите стари европски универзитетски центри: *Виена, Петроград, Москва, Харков, Париз* и други. Независно од посебната политика на ширење на српскиот јазик и култура, на преден план излегувале научните и образовните квалитети и способности на наставничкиот кадар.

Наставата на Филозофскиот факултет ја реализирале редовно вработени и хонорарни наставници, во сите звања: редовни и вонредни професори, доценти, како и асистенти. Некои од нив останале речиси низ целиот период од постоењето на факултетот, некои пократко, а некои само по една или две години. Треба да се нагласи дека, речиси, сите имале завидно универзитетско образование и докторати стекнати во европските земји и со знаење на повеќе светски јазици, некои од нив биле полиглоти. **Грујиќ Радослав** е еден од најобразованите наставници на

Филозофскиот факултет. Завршил Богословија во Сремски Карловац, правни науки во Виена и Филозофски факултет во Загреб, каде докторирал. Предавал *национална историја од 1920 година.* Бил еден од најактивните при основањето на Факултетот, основач на *Скопското научно друштво* и негов претседател до 1937, основач на музејот и негов управник до 1937 година. **Матасовиќ Јосип** студирал во Загреб, Цирих, Виена каде и докторирал во 1915 година. На Филозофскиот факултет во Скопје бил биран во сите наставнички звања и предавал *општа историја (1924-1932).* Мита Костиќ завршил Филозофски факултет во Виена, предавал национална историја (1921-1941). **Грга Новак**, хрватски и европски научник. Студирал историја, географија и археологија на универзитетите во Загреб, Прага, Виена, Минхен, Берлин и Јена. Докторирал 1911 година во Загреб, а бил промовиран за доктор во Прага. На Филзофскиот факултет во Скопје останал од 1920 до 1924 година и предавал *општа историја на средниот век.* **Прелог Милан** докторирал на Карловачкиот универзитет во Прага. Во 1937 година бил избран за за редовен професор по историја на средниот век на Филозофскиот факултет во Скопје каде останал сè до смртта во 1931 година. Границ Бранко студирал во Виена и Минхен кај прочуениот византолог Карл Крумбахер, кај кого и докторирал. Во 1922 година бил избран за доцент, а во 1926 за вонреден професор по *Византологија.* **Радојчиќ Светозар** студирал и се усовршувал на повеќе универзитети, во Загреб, Виена, Прага и други. Докторирал 1934 година. Бил ангажиран како хонорарен професор по предметите *класична археологија и историја на уметноста.* **Петар Колендиќ** студирал славистика во Виена и таму докторирал во 1908 година. Предавал *историја на книжевноста* прво како вонреден професор во 1924, а потоа во 1925 година како редовен професор. **Банашевиќ Никола** студирал француски јазик и книжевност во Франција, а докторирал во Париз 1922 година. На факултетот бил од 1924 до 1941 година како последен декан. Бил биран во сите звања по *француски јазик и романска книжевност.* **Евгеније Ањичков** завршил филозофски факултет во Петроград, доцент на Киевскиот и Московскиот универзитет. На филозофскиот факултет во Скопје бил редовен професор по *француски јазик, историја на книжевноста и компаративна книжевност (1926-1936).* **Душан Недељковиќ** останал на Филозофскиот факултет од 1922 до 1941 година. Бил ангажиран како

доцент во 1922 година, а потоа бил избран во вонреден и редовен професор на катедрата за Филозофија. Предавал *Теорија на филозофијата.* Во годините пред Втората светска војна негов асистент бил **Вук Павичевиќ. Филиповиќ Миленко** докторирал во 1928 година на Етнологија на Филозофскиот факултет во Белград. Од 1930 година бил избран за доцент на Филзофскиот факултет во Скопје, а во 1939 година за вонреден професор. Бил основач на Етнографското друштво на Југославија во 1930 година, а во 1940 година го основал и уредувал списанието Етнологија. **Радовановиќ Војислав** докторирал во Белград во 1924 година. На факултетот во Скопје бил од 1926 до 1941 година, како професор по *етнологија и географија*. **Урошевиќ Атансије** во 1927 година бил избран за аситент по *географија* во 1929 година. На филозофскиот факултет биле ангажирани и други познати професори и специјалисти од повеќе научни области, меѓу кои биле: **Тихомир Остојиќ, Киро Трухелка, Франце Месенел, Василије Ѓериќ, Алексије Јелачиќ, Момчило Селесковиќ, Првош Сланкаменац, Петар Слијепчевиќ, Петар С. Јовановиќ, Баја Бајиќ, Петар Булат, Грегор Чремошник, Миливој Павловиќ, Светомир Ристиќ, Михајло Стевановиќ, Сима Тројановиќ** и др.

Поради одредени финасиски, но пред сè политички причини Министерството за просвета на неколку пати ја најавувало можноста за укинување на Филозофскиот факултет во Скопје (1927,1933) или биле разгледувани и предлагани промени околу скратувањето на автономијата на Факултетот. Тогаш била манифестирана општа согласност на професорите, студентите и сите релевантни политички, стопански, стручни фактори во градот Скопје и пошироко на целата теристорија на Македонија, јужниот дел на Србија и Косово и Метохија, од каде доаѓале најголемиот број студенти на овој Факултет и каде се рефлектирале научните и културно-просветните достигнувања на истиот.

По раскривањето на една група студенти припадници на Тајната македонска младинска револуционерна организација поврзана со ВМРО и одржаниот Студентски судски процес во 1927 година во Скопје, било актуелизирано прашањето за укинување на Филозофскиот факултет. Деканот на факултетот, *Проф. д-р Петар Колендиќ*, се обратил со писмо до Министерот за просвета во Белград, во врска со добиените информации од печатот дека ќе се укинат некои

факултети меѓу кои и Филозофскиот во Скопје. Тој реагирал со потсетување дека 5 години наназад постојано се зборувало за укинување на овој Факултет. При што истакнал дека и покрај одредени тешкотии околу организацијата и финансиите речиси сите наставници најсовесно си ја обавувале својата образовна, едукативна и научна дејност и доколку постоело некакво прашање околу тоа требало да се консултира најпрво Филозофскиот факултет во Скопје.

Во време на Големата економската криза и Шестојануарската диктатура режимот започнал да го намалува бројот на училиштата (гимназиите и средните училишта) на територијата на Македонија и било разгледувано и прашањето за укинување на Филозофскиот Факултет. Во текот на 1933 година се одвивала и една од најголемите организирани активности за одбрана на постоењето на Филзофскиот Факултет, како единствена научна и висока образовна институција во Скопје и во јужниот дел на државата. Во Скопје бил формиран и посебен Акционен одбор на чело со тогашниот градоначалник на Скопје, познатиот архитект Јосиф Михајловиќ, родум Македонец (од селото Тресонче). Во Акциониот одбор влегле познати личности од стопанскиот, јавниот и политичкиот живот во Скопје, претседатели на повеќе општини од Македонија и јужниот дел на Србија, претставници на стручни, културни и хуманитарни организации и на други институции и асоцијации. Тие подготвиле еден опширен **Меморандум**[23], кој бил доставен до Наставничкиот совет на Филзофскиот Факултет во Скопје, за поддршка. Просветните власти не го укинале Факултетот.

[23] Државен архив на Република Македонија, Фонд Филозофски факултет-Скопје 1921-1941., 01.0323.0001.0087/0552-0559, „*Меморандум о Филозофском факултету*“.




За да може да се развие научно-истражувачка работа и да се презентираат пред научната јавност, но и пред пошироката јавност одделни научни и стручни сознанија од повеќе области: историја, географија, етнологија, филозофија и други, уште во 1921 година била покрената иницијатива за формирање на едно посебно научно друштво на Филозофскиот факултет под име ***Скопско научно друштво***. Тоа имало редовни и дописни членови. Во април 1925 година по извесна реорганизација, започнува неговата поактивна дејност и истата година започнува да излегува неговиот печатен орган списанието ***Гласник скопског научног друштва***, во кое биле биле објавувани научни трудови на автори од цела Југославија. Друштвото издавало и посебни книги.

На десетгодишнината од основањето на Филозофскиот факултет во Скопје во 1930 година излегол и првиот број на списанието ***Годишњак Скопског филозофског.***

Во првите години од формирањето на Факултетот, професорите и соработниците на Филозофскиот факултет во Скопје покрај организирањето на наставата на Факултетот, држеле и јавни предавања од повеќе области наменети за граѓаните на градот Скопје. Поради големиот интерес за овој вид на ширење на научни и стручни сознанијата бил формиран Посебен одбор за формирање на народен универзитет. Во 1927 година биле усвоени правилата и од тогаш започнал со редовни активности **Народниот универзитет во Скопје**, кој потоа помогнал и во формирањето на народни универзитети во другите градови во Македонија. Професорите на Филозофскиот факултет биле иницијатори за формирање на музеј во Скопје. Организирањето на музејот му било поверено на професорот **Радослав Грујиќ**. Првата историско-археолошка збирка била сместена во Филозофскиот факултет во 1920 година, а во наредните години (до 1927 година) биле организирани и етнографската, зоолошката и геолошко-петрографската збирка.

Под ресор на Факултетот работеле и *Библиотеката, Географскиот институт и семинарите за Археологија и Историја на уметноста, Историја на средниот век, Историја на Јужните Словени, Јужнословенска и споредбена книжевност, Историја на новиот век, Германски јазик и книжевност, Француски јазик и книжевност, Српскохрватски јазик и книжевност, Теорија на филозофијата, како и Педагошкиот и Етнолошкиот семинар.*

На Филозофскиот факултет во Скопје се одвивале повеќе активности во кои учествувале студенти од повеќе краеви на државата, од повеќе националности и религии и со различно политичко убедување. Солидарноста и взаемопомагањето за надминување многу социјални, едукативни, јазични, културни и други проблеми и да се издејствуваат подобри услови за студирање, за слободно творештво и за дружење било присутно речиси помеѓу најголемиот дел од студентите. Во тоа најчесто наоѓале поддршка и од повеќето професори на факултетот.

За таа цел студентите се организирале во културни, потпорни, репрезентативни, спортски и стручни здруженија: *географско-етнографско, историско, педагошко-филозофско, литературно друштво, друштво за српскохрватска книжевност, здружение на студентите по германски јазик и книжевност*. Посебна улога во собирањето на левоориентираните студенти и оние со демократски убедувања, кои барале поголеми права во рамките на автономијата на факлултетот, членувале во студентските културни друштва "*Покрет*" и "*Нови Покрет*" во годините спроти Втората светска војна (1934-1941).

Сите стручни, културни и спортски друштва членувале во Потпорното и репрезентативното здружение, а нивната дејност се одвивала според *Уредбата за здружување на студентите на универзитети и факултетите*.

На стручните и културните друштва и здруженија редовно бил присутен и еден професор. Во случаите кога била загрозувана слободната дејност и се спроведувале мерки на цензура, студентите реагирале против скратувањето на нивната слобода за научно и културното творештво. Таква била нивната реакција во учебната 1938/39 година на предложениот нов правилник според кој требало да се цензурираат сите нивни трудови кои ќе се читале на седниците на друштвата.

Пред нарасната опасност од фашизмот и нацизмот во Европа се засилиле антифашистичките активности и на напредните студенти на Филозофскиот Факултет во Скопје. По повод Аншлусот, припојувањето на Австрија кон Германија и опасноста од фашизмот во Европа, бил упатен повик од Обединетите студенти на Филозофскиот факултет да се спротивстават и тие исто како што го сториле тоа и нивните колеги од Љубљанскиот, Загрепскиот и Белградскиот универзитет.

Во наредните години нараснало антифашистичкото расположение на студентите на Филозофскиот факултет. Тие имале поддршка и од некои свои професори. Меѓу најотворените професори антифашисти бил **Проф. д-р Душан Недељковиќ** и асистентот **Вук Павиќевиќ**. **Проф. Недељковиќ** во текот на 1940 година дури бил конфирниран заедно со една група студенти во логорот во Биљеќа.

Во активностите за афирмација на историјата и културата на сите народи во Југославија, на Филозофскиот факултет во текот на 1936 година се одвивала активност на студентите Македонци, поддржани и од своите колеги од другите краеви да се побара регистрирање на **културно-просветното друштво "Вардар"** и на Скопскиот Факултет. На 29 јануари 1937 година била поднесена молба потпишана од 53 студетни и студентки. Вакви друштва за негување на македонската култура, традиција, фолклор и другите народни особености на македонскиот народ, биле формирани на Белградскиот Факултет и Загрепското свеучилиште. Но, управата на Филозофскиот факултет во Скопје, најверојатно по мислење на просветните власти во Белград не дозволила формирање на вакво македонско национално културно-просветно друштво во Скопје.

Голем број студенти уште пред фашистичката агресија на Југославија биле ангажирани во антифашистичкото движење и во Скопје и по своите места на постојано живеење. Во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна голем број од студентите и дел од професорите активно се вклучиле или ја помагале антифашистичката борба. Еден професор и 40 студенти од Филозофскиот факултет загинале во народноослободителната и антифашистичката борба во разни краеви.

Дел од професорите по завршувањето на Втората светска војна продолжиле со својата научна и образовна дејност на повеќе високообразовни институции во Југославија, а некои и на новоотворениот Филозофски Факултет во Скопје во 1946 година.

Дел од судентите кои студирале на Филозофскиот факултет пред 1941 година, по ослободувањето во Република Македонија се вклучиле во општествено-политичкиот и културниот живот на македонската држава и станале познати научници, професори во сите степени на образованието и на Универзитетот во Скопје. Меѓу нив ќе ги спомениме: *Харалампие Поленаковиќ, Кирил Пенушлиски, Јордан Попјорданов, Јован Трифуновски, Томо Томоски, Десанка Мириќ (Миљовска), Мирко Павловски, Апостол Апостолов, Ристо Динев, Благој Корубин* и многу други.

По окупацијата и поделбата на територијата на Македонија меѓу фашистичките држави и нивните сојузници на Балканот, поголемиот дел од Вардарска Македонија (источниот, централниот и југозападниот дел) потпадна под бугарска окупација. Бугарските просветни власти, веднаш по отварањето на бугарски основни и средни училишта, ги започнаа подготовките за отварање на Универзитет во Скопје. Всушност сѐ се сведуваше на отварање на неколку групи на Историско-филолошкиот факултет, кои требаше да едуцираат високошколски наставен кадар за училиштата во Македонија, да ги воспитуваат во бугарски национален дух, за да можат да ја шират просветата и културата на бугарски јазик. Фактички да придонесат за бугаризација на Македонија. Во средината на септември 1943 година советот на Софискиот универзитет "Св. Климент Охридски" избрал 6 редовни доценти, еден приватен доцент и еден хонорарен лектор. Биле избрани при катедрите за: стара историја и археологија, средновековна и нова историја, историја на бугарскиот јазик, бугарска историја, литература и историја на романските народи, катедра по филозофија, средновековна и нова историја, лектор по руски јазик. За ректор бил назначен **доцент Атанас Илиев**, кој во исто време го добил и звањето декан. Во првата учебна година 1943/1944 година биле определени три специјалности: *словенска филологија, историја и географија,* на кои можеле да се запишаат неограничен број студенти, кои завршиле класичен оддел на гимназијата. Редовната настава започнала на 2 октомври 1943 година со воведно предавање на ректорот. Меѓутоа, наставата се реализирала само во првата година, бидејќи на 9 септември Бугарија капитулира и целокупниот просветен апарат се распадна. Тоа беше само еден обид за воспоставување бугарски универзитет во Македонија во услови на Втората светска војна.

### **1.2.1.** ***Грижа за збогатување на книжниот фонд***

Во рамките на Филозофскиот факултет работела и факултетска библиотека која се грижела за прибирање и чување на книгите и други научни публикации како домашни така и од странство , но и за афирмација на домашната научна работа во

светот. Во рамките на библиотеката функционирале две читални, едната за професорите, а другата за студентите. Втората била од отворен тип и во неа можеле да доаѓаат и граѓаните. Исто така и библиотеката множела да се користи од други лица и станала прва јавна библиотека, која всушност била и првата универзитетска библиотека во градот Скопје. Со тоа Филозофскиот факултет во Скопје на индиректен начин бил основач на Универзитетската библиотека во Скопје.

Во 1925 година, библиотеката поседувала 12.000 дела и преку 35.000 свески, набавени со помош на буџетските средства и со посредство на дарежливите институции (Матица српска, Српската кралска академија и Српскиот семинар БУ). Во почетокот на триесетите години библиотеката располагала со околу 60.000 книги и повеќе стручни и семинарски библиотеки. По декемвриските поплави во 1935 година, биле загрозени околу 70.000 книги од факултетската библиотека.[24]

Низ целиот период на постоењето на Филозофскиот Факултет во Скопје: меѓу двете светски војни и по ослободувањето на Македонија била покажувана голема грижа за збогатувањето на книжниот фонд во библиотеката, односно библиотеките на факултетот, преку купување, подарување, но и откупување на цели библиотеки, како што беше случај со откупувањето на личната библиотека на познатиот археолог и историчар на стариот век, **Гавра Манојловиќ**, која и денес постои како посебен библиотечен фонд.

При класификацијата на архивската граѓа од Филозофскиот факултет-Скопје, во Државниот архив на Република Македонија формиран е посебен фонд **Библиотека на Филозофски факултет - Скопје**[25].

[24] В.Јовановић, Вардарска бановина...op.cit., 434.

[25] Фондот е заведен под бројот 336. Граничните фондови на фондообразователот се 1920 -1941 година, а на граѓата 1920 - 1939 година. Фондот е обработен и содржи 10 книги.

# ВТОРА ГЛАВА

## *ПРИМЕНЕТИТЕ АРХИВСКИ СТАНДАРДИ И МЕТОДОЛОШКИ ПОСТАПКИ ВО СРЕДУВАЊЕТО И ОПИСОТ НА ФОНДОТ ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ*

### *2.1. Државен архив на Република Македонија*

*„Архивската граѓа е . . . директниот, нетолкуваниот и автентичниот глас на минатото: првичен доказ за она што луѓето правеле и мислеле; доказ за животот низ слики и документи; растот и падот на општествата и културите. Архивската граѓа е основата на која која се градат нашите истории . . .“*[26]

Државниот архив на Република Македонија е една од најзначајните македонски државни и национални институции, која истовремено е трезор и извор за проучување на целокупниот политички, економски, научен и културен развој на Република Македонија. Самиот чин на основање на Државниот архив претставува еден од поважните настани во нашата понова историја и е огромна придобивка од историско и национално значење. За Македонија и македонскиот народ, Архивот претставува изворно сведоштво за нашето постоење, за опстојувањето на нашиот национален идентитет, за борбата на македонскиот народ за создавање своја национална држава и за континуитетот на македонската политичка, државно-правна и национална мисла.

Развојниот пат на Државниот архив е тесно поврзан со создавањето и развојот на младата македонска држава по Втората светска војна, која во тие повоени години на чинот на основањето му дале примарно национално значење во заокружувањето на државната власт. На 6 јануари 1951 година Народното собрание

[26] Listening to the Past, Speaking to the Future: Report of the Archives Task Force, March 2004 (www.mla.gov.uk/what/publications/~/media/Files/pdf/2004/listening_to_the_past_report.ashx )

на НР Македонија го донело **Законот за државните архиви**[27], врз основа на кој, на **1 април 1951 година е формиран Државниот архив на НР Македонија**.

Во периодот 1951 - 1960 година биле формирани девет околиски историски архиви, кои денес работат во состав на Државниот архив како негови подрачни одделенија во: Битола, Велес, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струмица, Тетово и Штип. Паралелно со комплетирањето на архивската служба во Македонија се градело и архивското законодавство. Државниот архив е иницијатор и изготвувач на низа архивски закони, упатства и уредби со кои се регулира работењето на имателите на архивска граѓа и функционирањето на Архивот како институција.

Во 1973 год. на предлог на ДАРМ е донесен *Законот за архивската дејност.* [28] Со него се доразвива архивското законодавство кое добива европски лик. Согласно *Законот*, во 1977 година се донесени *уредба и упатство за канцелариско и архивско работење* [29] на имателите. Во периодот 1971-1990 архивското законодавство на СРМ целосно се осамостојува и засилено се развива.

Со државното осамостојување на Р Македонија се изградува и современо архивско законодавство. Во 1990 година е донесен *Законот за архивската граѓа* (изменет и дополнет во 1995 год.).[30] Овој пропис и денес е на сила. Во согласност со Законот: подобрен е статусот на архивската граѓа; ДАРМ се трансформира во интегрирана управна организација со 9 подрачни одделенија; воспоставени се единствено управување, финансирање и кадровска политика во ДАРМ; востановена е архивска инспекција итн. Имателите се должни да вршат катагодишно одбирање и евидентирање на архивската граѓа и во таква состојба да му ја предаваат на Архивот. Општите рокови за предавање на граѓата и за

---

[27] Службен весник на НРМ, бр.1, 12 јануари 1951, Закон за Државните архиви на НРМ донесен од президиумот на Народното собрание на НРМ со Указ бр.3 од 6 јануари 1951 година.

[28] Законот за архивската дејност (Службен весник на СРМ, бр, 43/73).

[29] Уредба и Упатство за канцелариско работење и за одбирање на архивската граѓа од регистратурскиот материјал (Сл. весник на СРМ, бр, 16/77).

[30] Закон за архивската граѓа (Сл. весник на СРМ бр. 36/1990 год.) и Закон за изменување и дополнување на Законот за архивската граѓа (Сл. весник на РМ бр. 36/1995 год.).

нејзината достапност за користење се 20 години по настанувањето. Со тоа Република Македонија се вбројува во една од полибералните земји.

На основа на *Законот,* во периодот 1996-2005 год. донесени се *неколку уредби и упатства* со кои се регулираат: канцелариското и архивското работење на имателите; заштитата на архивската граѓа во воена и вонредна состојба; продолжените рокови за достапност и користење на граѓата; методологијата на стручната работа во Архивот итн.

Со статус на државен орган, Државниот архив дејствува како единствена управна организација на територијата на Република Македонија. Архивот има единствено управување, единствена стручна методологија, единствена кадровска и буџетска политика, како и единствена истражувачка и издавачка политика.[31]

Државниот архив врши инспекциски и стручен надзор над канцелариското и архивското работење на повеќе од 2 000 приоритетни иматели и околу 40 000 неприоритетни иматели. Имателите редовно ја предаваат архивската граѓа во Архивот и тоа во одбрана, средена и опишана состојба. Во ДАРМ е примена граѓа од државните и локалните орегани на власта до 1995 година, а од највисоките органи (Претседателот, Собранието и Владата на Република Македонија) до 1998 година.

Како резултат на развиената билатерална соработка со архивските служби од повеќе од 30 земји, Архивот има реализирано бројни архивски истражувања во архивите во странство. Резултат од овие истражувања се 3 000 000 микроснимки и 600 000 ксерокскопии на документи за историјата на Македонија и македонскиот народ донесени од странските архиви. Државниот архив е член и на Меѓународниот архивски совет.

ДАРМ има и богата издавачка дејност. Архивот досега публикувал над 200 едиции, зборници и монографии базирани на архивски документи. Така, архивското богатство на Архивот служи за потребните на научниците, истражувачите и на сите граѓани.

[31] Документи 1951-2011, Државен архив на Република Македонија, Скопје 2011, 7.

*Секторот за средување и обработка* во рамките на ДАРМ успешно работи на средувањето и обработката на архивските фондови и збирки кои биле примени во несредена состојба. За фондовите, збирките и документите се изработуваат научноинформативни средства (инвентари, регести, водичи) кои се внесуваат во АОП базите на Архивот и на тој начин може лесно и брзо да се пребаруваат и користат.

Архивот секојдневно ги услужува со архивска граѓа научните истражувачи од земјата и странство, имателите на граѓата (за оперативни потреби) и граѓаните на Република Македонија (за работен стаж, имотно-правни работи, денационализација и сл.)[32]

Државниот архив во своите депоа денес поседува 7 430 фондови и збирки оригинална архивска граѓа, што изнесува околу 12 000 метри должински или вкупно околу 100 000 000 листови од документи. Од оваа огромна количина на архивска граѓа, 20 000 000 се микроснимки.

За развојот на Архивот како институција најзаслужни се архивските работници од неколку генерации. Првата генерација била посветена на изградбата на архивските згради, архивистичкиот кадар и прибирањето и заштитата на аархивската граѓа. Втората генерација дала огромен придонес за изградбата на архивското законодавство, единствената сртучна методологија и меѓународната соработка на Архивот. Сегашната, трета генерација архивисти е посветена на електронската обработка и дигитализацијата на архивската граѓа.

Структурата и вредноста на архивските записи што трајно се чуваат во ДАРМ е разновидна. Најстариот документ е **Евангелието на светиот апостол Лука од 12 век**. Огромно значење имаат и старословенските и црковните ракописи од 12, 13 и 14 век. Збирката на граѓа од периодот на османлиското владеење во Македонија (15–20 век) е особено богата. Од особено значење се фондовите и граѓата на: Македонските просветители (18-19 век); Македонското револуционерно и национално-ослободително движење (посебно за востанијата во Македонија, за активностите на ВМРО, ВМРО обединета, КПМ и други организации и дејци) во

[32] Ibidem., 9.

средината на 19 и почетокот на 20 век. Исто така, тука е и граѓата за Балканските војни (1912–1913), Првата светска војна (1914–1919) и меѓу двете светски војни (1919–1941). ДАРМ поседува обемна и значајна архивска граѓа од НОБ (1941–1945), од АСНОМ (1944) и од изградбата на НР/СР Македонија (1945–1990). Од историско значење е и архивската граѓа од најново време за создавањето на самостојна и незавина Република Македонија (1991–2008). Во подрачните одделенија на ДАРМ се чува архивска граѓа од значење за локалната историја, создадена претежно во периодот 1944 – 1995 година.

Во текот на својата 60 – годишна работа Државниот архив на Република Македонија целосно го оправда своето постоење, докажувајќи се како важен столб на македонскиот идентитет, самобитност и државност. Ова нè потсетува дека современиот свет е незмислив без архивските институции и архивските документи. Архивистите имаат голема одговорност во поглед на документирањето на настаните, размената на информации и постојаната примена на информациските технологии, особено електронската обработка и дигитализацијата на архивските записи, градејќи го на тој начин идниот заеднички европски и светски архив кој ќе му биде достапен секому.[33]

## *2.2. Примањето и оформувањето на архивската граѓа од Филозофскиот факултет (1919 - 1941) како архивски фонд во ДАРМ*

По ослободувањето во 1945 година и формирањето на СФРЈ, во процесот на општата социјалистичка изградба на земјата, државното раководство на Југославија и раководствата на повеќето од републиките пристапиле кон изградба на законските прописи за архивската служба и формирање на архиви. Иако до формирање на Државниот архив во НР Македонија дошло подоцна т.е. на 1 април 1951 година, со прибирање на архивската граѓа се започнало веднаш по ослободувањето. Архивската граѓа собрана во тој период се чувала во библиотеката на Институтот за национална историја, семинарот на катедрата за

[33] Ibid.,6.

национална историја на Филозофскиот факултет во Скопје и историските одделенија на масовните организации. Со прибирање на архивската граѓа најрано започнала катедрата за национална историја на Филозофскиот факултет[34]. Со Уредбата на Владата на НР Македонија од 1 август 1948 година бил основан Институтот за национална историја на македонскиот народ како самостојна установа која, меѓу другото, имала за задача: *„Да пронаоѓа, прибира, чува и објавува материјали, документи и други споменици кои се однесуваат на националната историја и културата на македонскиот народ, како и материјалите, документите и другите споменици за историјата на малцинствата и етничките групи кои живеат во Македонија.“*[35]

По основањето на Државниот архив на НР Македонија во 1951 година, управата на оваа новоформирана институција во почетокот на својата работа морала да се зафати со решавање на најосновните организационо-технички проблеми. Пред сè се пристапило кон одбирање на погоден кадар за архивистичката служба. Другото важно прашање кое успешно било решено, било прашањето за сместувањето на Државниот архив. Во зградата на Претседателството на НР Македонија биле отстапени простории за Државниот архив со што била ликвидирана дотогашната опасност од уништување на архивскиот материјал кој се наоѓал во несоодветни простории во разни установи. По решавањето на овие најелементарни прашања, Државниот архив во Скопје пристапил кон извршување на својата најважна задача - прибирање на архивската граѓа која се наоѓала во разни установи.[36]

Во тоа масовно преземање на архивската граѓа во првите години од формирањето на Архивот, била преземена граѓата која по ослободувањето била собрана и се чувала во институциите кои во тие повоени години покрај своите

[34] Монографија **Филозофски факултет во Скопје**, Скопје 2006, д-р Кирил Темков, Филозофскиот факултет во Скопје како прва високошколска институција во слободна Република Македонија, „Свеченото отворање на Филозофскиот факултет беше извршено на државниот празник Денот на Републиката, на 29 ноември 1946 година, во најголемата сала во Скопје - салонот на Македонскиот народен театар.“

[35] Член 1 од Уредбата за основање на Институтот за национална историја на Македонскиот народ.

[36] Arhivist, Organ glavnog arhivskog saveta FNRJ, Godina I Sveska 3, septembar - decembar, Beograd 1951, Dančo Zografski, O radu, zadcima i nekim problemima državne arhive u Skoplju, 10.

примарни дејности, на еден начин ја вршеле и улогата на архив (Институтот за национална историја, Филозофскиот факултет и Историското одделение на ЦК на КПМ).

Мора да се напомене дека пустошењата и пљачкањата кои ги вршеле окупаторските сили за време на поранешните војни, а особено во текот на Втората светска војна, допринеле во уништувањето и на оние малку архиви што постоеле во Македонија. Не била сочувана ни една комплетна архива од некој орган на власта или институција во Македонија од времето на турското ропство, старата Југославија или фашистичката окупација. Освен тоа, значајни количини на архивски материјал од Македонија за време на окупацијата биле пренесени во разни установи во Бугарија, од што речиси ништо не било вратено по ослободувањето, главно поради неисполнување на реституционите обврски од страна на Бугарските власти. Од одвлекувањето на таквиот материјал, најмногу во Бугарија, особено настрадал Филозофскиот факултет и Народната библиотека во Скопје, потоа архивата на Охридската митрополија и други слични установи.[37]

Архивската граѓа која настанала во работата на Филозофскиот факултет и институциите кои произлегле од него во периодот од 1919 до 1941 година, т.е. она што останало од неа по Втората светска војна, се чувало во самиот Факултет. Со формирањето на Државниот архив во 1951 година, и првото масовно преземање на граѓа, Филозофскиот факултет му ја отстапил на Архивот поголемиот дел од споменатата архивска граѓа.[38]

Во 1955 година Државниот архив почнал да врши единствено и задолжително евидентирање на архивската граѓа и фондовите, а првата архивска граѓа која била заведена во Книгата за преземена архивска граѓа односно Влезниот

[37] Arhivist, Organ glavnog arhivskog saveta FNRJ, Godina I Sveska 1, januar - april, Beograd 1951, Dančo Zografski, *Prikupljanje arhivskog materijala u NR Makedoniji*, str.45.

[38] Во првите пет години од работата на Државниот архив (1951-1955) не се воделе евидентни средства како Записник за примо-предавање на архивската граѓа и Книга за преземена архивска граѓа (Влезен инвентар), па затоа не може да се каже точната количина на граѓа која во тој период била преземена од Филозофскиот факултет.

инвентар била токму од Филозофскиот факултет.[39] На 26 јануари 1971 година, од Филозофскиот факултет била преземена граѓа со гранични години 1920-1940 година, во количина од 4 книги. И Институтот за национална исорија, исто така, поседувал збирка од поединечни документи од Филозофскиот факултет во Скопје и на 6 февруари 1980 година ја отстапил на Државниот архив. Од целата архивска граѓа која се однесувала на Филозофскиот факултет и институциите кои произлегле од него, а била создадена во периодот од 1919 до 1941 година, во Државниот архив биле формирани неколку фондови:

- фондот *Филозофски факултет - Скопје* кој во Регистарот на архивски фондови и збирки е заведен под бројот **323**, со гранични години на фондообразователот 1920-1941 година и гранични години на архивската граѓа 1919-1941 година, во количина од 90 книги и 117 кутии со архивска граѓа, или вкупно 23,5 метри должински;
- фондот *Библиотека на Филозофскиот факултет-Скопје*, заведен под бројот **336**, со гранични години на фондообразователот 1920-1941 и гранични години на архивската граѓа 1920-1939 година, во количина од 10 книги или вкупно 0,2 метри должински;
- фондот *Скопско научно друштво-Скопје*, заведен под број **486**, со гранични години на фондообразователот 1921-1941 година и гранични години на архивската граѓа 1920-1941 година, во количина од 8 книги, односно 0,2 метри должински;
- фондот *Југословенско потпорно и репрезентативно студентско друштво–Скопје*, заведен под број **484**, со гранични години на фондообразователот 1935–1941 и гранични години на граѓата 1935–1938, во количина од 3 книги или вкупно 0,2 метри должински;

[39] На 10 јануари 1955 год. Филозофскиот факултет во Скопје му отстапил на Државниот архив граѓа која содржела: Записници од Советот на Филозофскиот факултет-Скопје (1924 -1941 год) во количина од 4 книги; Поверливи деловодни протоколи (1940-1941 год.) во количина од 1 книга; Книга со списоци на студенти ослободени од школарина (1932-1940 год.) во количина од 1 книга и Акти од доверливата архива односно Доверливи деловодници (1937-1941 год.) во количина од 7 книги. Оваа архивска граѓа во Влезниот инвентар била заведена под број 1.

- фондот *Географско етнографско друштво „Јован Цвијиќ"– Скопје*, заведен под број **485** со гранични години на фондообразователот 1929–1941, а на граѓата 1929–1939 година, во количина од 4 книги или вкупно 0,1 должински метар;
- фондот *Југословенско академско пеачко друштво „Обилиќ"*–Скопје (1937–1941), заведен под бројот **480,** во количина од 2 книги;
- фондот *Пеачко друштво „Мокрањец"–Скопје* (1937–1941), заведен под бројот **481**, во количина од 1 архивска кутија;
- фондот *Југословенски студентски потпорен фонд–Скопје* (1920–1941), заведен под бројот **347**, во количина од 4 книги; и
- фондот *Фонд за здравствена заштита на студентите–Скопје* (1920–1941), заведен под бројот **348**, во количина од 3 книги.

Фондот *Филозофски факултет–Скопје (1920–1941)*, пред да се пристапи кон неговото средување и обработка, се состоел од 117 кутии со архивска граѓа и 90 книги. Откако се пристапило кон неговото средување и обработка, односно во операциите на систематизација и класификација на фондот била излачена архивска граѓа за други фондови т.е. за горенаведените фондови. Бил излачен и документарен материјал за уништување. Фондот потоа бил среден и обработен, внесен во АОП[40] базите и за него било изработено Научно–информативно средство. Денес фондот *Филозофски факултет–Скопје (1920–1941)* во Државниот архив на Република Македонија е среден и обработен и се состои од 43 архивски кутии и 66 архивски книги. Фондот е достапен за користење.

[40] Автоматска обработка на податоци.

### *2.3. Средувањето на архивската граѓа во фондот Филозофски факултет-Скопје*

Фондот *Филозофски факултет-Скопје* во Државниот архив на Република Македонија е заведен под бројот **323** и е фонд од II категорија. Фондот е среден и обработен во 2000 година во Секторот за средување и обработка на архивска граѓа, поточно во *Одделението за средување и обработка на архивска граѓа - стар период*. Фондот содржи 43 архивски кутии со архивска граѓа и 66 книги. Граничните години на фондообразователот се 1920-1941 година, додека граничните години на архивската граѓа 1919-1941 година. За запознавање со фондот, користење на литература и подготовка биле потребни околу 30 денови по што се пристапило кон класификација на архивската граѓа. Архивската граѓа била класифицирана и систематизирана во 43 архивски кутии и 66 архивски книги. Бил издвоен документарен материјал за уништување во количина од 8 кутии кои содржеле: дупликати, мултипликати, изводи, признаници, уплатници, приемници итн.

По оваа операција се пристапило кон техничка обработка на архивските книги. Биле обработени 66 архивски книги кои биле класифицирани по видови од кои 23 биле деловодни протоколи, 7 регистри и 36 други книги. Потоа истите биле систематизирани според хронологија (од најстарата кон најмладата). Следната фаза била редоследно нумерирање на архивските книги, фолијација и изработка на архивистички опис на секоја архивска книга во кој биле внесени следните елементи: *сигнатура, назив на книгата, дата, број на листови, димензии, општа состојба, повез, обележување на листовите, предлог за поправка, разни забелешки, додатоци на книгата, дата на обработка и име и презиме на архивистот*. Пример:

Сигнатура

010323/К3

**ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ**

ФОНД:

**Филозофски факултет – Скопје**

Наименование на книгата:

Деловодник за 1920 – 1921 година

Број на книгата: 1

Година од 1920 до 1921

Број на листови: 100

Димензија: 21 x 34

1. Општа состојба: добра

2. Повез: тврд картонски

3. Обележување на листовите:

Од 3 – 28 (дел.бр. 1 -197) за 1920 год; од 28 – 100 (дел. бр.1 – 548) за 1921 год.

4. Предлог за поправка:

нема

5. Разни забелешки:

нема

6. Додатоци:

Нема

7. Проверено на ден: 20.09.2000

ПОТПИС

Откако сите книги биле опишани, се пристапило кон изработка на *сумарен попис* на архивските книги според редниот број што го имаат во фондот. *Сумарниот попис на книгите* содржи: назив на фондот, реден број на книгата, назив на книгата и период за кој се однесува. Во продолжение следува сумарниот попис на книгите во фондот Филозофски факултет - Скопје.

## ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

ФОНД: Филозофски факултет - Скопје

| Број: | Назив на книгата: | Гранични години на книгата: | |
|---|---|---|---|
| 1 | Деловодник за 1920 – 21 год. | 1920 | 1921 |
| 2. | Деловодник за 1921 – 23 год. | 1921 | 1923 |
| 3. | Деловодник за 1923 – 24 год. | 1923 | 1924 |
| 4. | Деловодник за 1925 – 26 год. | 1925 | 1926 |
| 5. | Деловодник за 1927 – 28 год. | 1927 | 1928 |
| 6. | Деловодник за 1929 год. | 1929 | 1929 |
| 7. | Деловодник за 1930 год. | 1930 | 1930 |
| 8. | Деловодник за 1931 год. | 1931 | 1931 |
| 9. | Деловодник за 1932 год. | 1932 | 1932 |
| 10. | Деловодник за 1933 год. | 1933 | 1933 |
| 11. | Деловодник за 1934 год. | 1934 | 1934 |
| 12. | Деловодник за 1935 год. | 1935 | 1935 |
| 13. | Деловодник за 1936 год. | 1936 | 1936 |
| 14. | Деловодник за 1937 год. | 1937 | 1937 |
| 15. | Деловодник за 1939 год. | 1939 | 1939 |
| 16. | Деловодник за 1940 год. | 1940 | 1940 |
| 17. | Деловодник за 1941 год. | 1941 | 1941 |
| 18. | Доверлив деловодник за 1937 год. | 1937 | 1937 |
| 19. | Доверлив деловодник за 1938 год. | 1938 | 1938 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | Доверлив деловодник за 1939 год. | 1939 | 1939 |
| 21. | Доверлив деловодник за 1940 год. | 1940 | 1940 |
| 22. | Доверлив деловодник за 1941 год. | 1941 | 1941 |
| 23. | Регистер на Филозофски факултет за 1929 - 1930 год. | 1929 | 1930 |
| 24. | Регистер на Филозофски факултет за 1936 год. | 1936 | 1936 |
| 25. | Регистер на Филозофски факултет за 1937 год. | 1937 | 1937 |
| 26. | Регистер на Филозофски факултет за 1938 год. | 1938 | 1938 |
| 27. | Регистер на Филозофски факултет за 1939 год. | 1939 | 1939 |
| 28. | Регистер на Филозофски факултет за 1940 год. | 1940 | 1940 |
| 29. | Регистер на Филозофски факултет за 1941 год. | 1941 | 1941 |
| 30. | Записници од седниците на Советот на Филозофски факултет | 1925 | 1929 |
| 31. | Записници од седниците на Советот на Филозофски факултет | 1929 | 1940 |
| 32. | Записници од седниците на Советот на Филозофски факултет | 1940 | 1941 |
| 33. | Записници од седниците на предавачите на Народниот Универзитет во Скопје и Јужна Србија | 1928 | 1930 |
| 34. | Инвентарна книга | 1921 | 1934 |
| 35. | Инвентарна книга | 1929 | 1940 |
| 36. | Инвентарна книга за книги и атласи | 1926 | 1941 |
| 37. | Инвентарна книга за книги и атласи | 1928 | 1931 |
| 38. | Инвентарна книга за книги и атласи | 1929 | 1938 |
| 39. | Книга за евиденција на редовни и вонредни студенти | 1920 | 1921 |
| 40. | Индекс на стипендирани и казнувани студенти по разни основи | 1933 | 1933 |
| 41. | Дневник за работа | 1931 | 1941 |
| 42. | Списоци на студенти со ослободена | 1937 | 1941 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | школарина | | |
| 43. | Дневник на каса за Светосавска награда и разна повремена помош | 1930 | 1941 |
| 44. | Деловодник на Семинарот по општа историја | 1925 | 1941 |
| 45. | Инвентарна книга на Семинарот по историја на Среден век | 1928 | 1939 |
| 46. | Инвентарна книга на Семинарот по историја на Јужните Словени | 1929 | 1930 |
| 47. | Инвентарна книга на Семинарот по историја на Срби, Хрвати и Словенци | 1925 | 1928 |
| 48. | Инвентарна книга на Семинарот по Византологија | 1931 | 1941 |
| 49. | Деловодник на Археолошкиот семинар | 1935 | 1938 |
| 50. | Инвентарна книга на Археолошкиот семинар | 1925 | 1928 |
| 51. | Инвентарна книга на Семинарот по етнологија и етнографија | 1929 | 1930 |
| 52. | Записник од етнолошки вежби за помлади студенти | 1934 | 1938 |
| 53. | Инвентарна книга на библиотеката и збирката на помагала на Семинарот по етнологија | 1928 | 1932 |
| 54. | Инвентарна книга на збирка слики и фотографии на Етнолошкиот семинар | 1929 | 1935 |
| 55. | Книга на записници од етнолошки вежби | 1924 | 1929 |
| 56. | Инвентарна книга на Педагошкиот семинар | 1927 | 1939 |
| 57. | Инвентарна книга на Педагошкиот семинар | 1940 | 1941 |
| 58. | Записник од работата на Педагошкиот и општо-педагошкиот семинар | 1925 | 1932 |
| 59. | Инвентарна книга на Семинарот по српскохрватски јазик | 1929 | 1930 |
| 60. | Инвентарна книга на Семинарот по германски јазик | 1929 | 1929 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 61. | Инвентарна книга за книги на Семинарот по германски јазик | 1929 | 1939 |
| 62. | Инвентарна книга на Семинарот по германски јазик | 1939 | 1941 |
| 63. | Записници од семинарските работи по германски јазик | 1928 | 1941 |
| 64. | Каталог на книги и помошни дисциплини по германистика | 1934 | 1934 |
| 65. | Инвентарна книга на Семинарот по теориска филозофија | 1929 | 1929 |
| 66. | Инвентарна книга на дупликати | 1929 | 1941 |

По извршената класификација и систематизација на архивските книги, се пристапило кон **класификација** на архивската граѓа. Овој процес се одвивал низ следните операции:

- *Проучување на фондот* – непосреден увид во граѓата и утврдување на динамиката на работите, а притоа се воделе и прибелешки кои понатаму користеле при класификацијата, систематизацијата и изработката на историската белешка.
- *Идентификација на списите* – утврдување на називот на создавачот, датум и место на создавање, вид на документот (кај поединечните документи), односно опис на предметот – архивската единица и испишување на привремена кошулка.
- *Тематска класификација на архивската граѓа* – архивската граѓа се класифицирала според содржината.
- *Замена на сите метални со пластични спојници.*
- *Излачување на безвредниот долументарен материјал со изработка на попис, вкупна количина и предлог за уништување.*

- *Формирање на технички единици* (архивски кутии), *изработка на привремен попис и содржински опис на кутиите.*

Следната операција кон која се пристапило во процесот на средување и обработка на архивската граѓа од фондот Филозофски факултет–Скопје, била **систематизација** на архивската граѓа која опфатила:

- *Систематизација на списите и формирање на 1479 предмети.*
- *Систематизација на актите во предметите* – по конечното формирање на предметите, се извршила систематизација на актите во рамките на предметите. Во рамките на оваа операција се дополнил описот на кошулките со датум, место на создавање, содржина на предметите, број на листови, јазик на кој е напишан предметот и оригиналноста.
- *Вреднување* – поради тоа што вреднувањето односно валоризацијата била извршена во фазата на класификација, во оваа фаза се излачиле дупликати и мултипликати кои биле апсолутно исти.
- *Утврдување на редоследот на архивската граѓа* – при средувањето на фондот Филозофски факултет–Скопје е применет принципот на слободна провиниенција, при што граѓата била средена прво според важноста, а потоа хронолошки.
- *Утврдување на редоследот на архивските кутии во рамките на фондот* – граѓата била сместена според следниот редослед: граѓа од фондот според хиерархиската поставеност и според годините почнувајќи од најмладата до најстарата година, а на крајот била сместена сметководно - финансиската документација.
- *Фолијација и сигнирање* – во рамките на секоја архивска кутија биле редоследно сигнирани архивските единици и листови. Се извршило сигнирање на 1479 архивски единици и фолијација на 25 816 листови.

- *Изработка на попис на оштетената архивска граѓа* – бил изработен попис на предмети за лечење, односно сигнатури на оштетената архивска граѓа од фондот, на која било потребно да се изврши конзервација и реставрација.

- *Изработка на внатрешен опис на архивските кутии* – бил изработен сумарен инвентар на секоја архивска кутија со следните елементи: сигнатура (архивски фонд, архивска кутија), гранични години на архивската кутија, број на архивски единици и број на листови во архивската кутија, како и содржина на кутијата.

- *Изработка на кратка содржина на кутиите и попис на кутиите*, односно *сумарен инвентарен преглед*. Сумарниот инвентарен преглед бил изработен паралелно со конечниот натпис на кутиите и ги содржи истите елементи од сумарниот инвентар со скратено изложување на содржината на кутијата. Во продолжение следува сумарниот инвентарен преглед на фондот Филозофски факултет – Скопје.

# ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ

ФОНД: **Филозофски факултет - Скопје**

## СУМАРЕН ИНВЕНТАРЕН ПРЕГЛЕД

| Број: | Гранични години на кутијата: | Содржина: | Арх. единици: | Листови: |
|---|---|---|---|---|
| 0001 | 1919 1941 | -Поважни документи за основањето на Филозофскиот факултет во Скопје (1919 – 1941)<br>-Меморандуми на Филозофскиот факултет во Скопје (1933) и Меморандуми на Универзитетот во Белград (1937) | 0088 | 564 |
| 0002 | 1922 1940 | -Записници од седниците на Советот (1922 – 1937)<br>-Извештаи од работата на Филозофскиот факултет (1920 – 1941) | 0107 | 704 |
| 0003 | 1922 1940 | -Општи материјали (1924 – 1940)<br>-Семинари при Факултетот (1925 – 1940)<br>-Друштва и здруженија (1923 – 1937)<br>-Стипендии (1930 – 1937)<br>-Курсеви (1926 – 1937)<br>-Јубилеи и прослави (1922 – 1939) | 0095 | 328 |
| 0004 | 1921 1921 | -Општа преписка (1921- 1941) | 0001 | 316 |
| 0005 | 1921 1941 | -Општи материјали од персонален карактер (1921 – 1941)<br>-Конкурси (1927 – 1941) | 0133 | 447 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -Биографии на професори (1926 – 1938) | | |
| 0006 | 1921 1941 | -Податоци за основање на училишта и гимназии (1927 – 1932)<br>-Разни материјали (1938 – 1941)<br>Весници – билтени (1927 – 1941) | 0047 | 628 |
| 0007 | 1921 1941 | -Прегледи на предавања и списоци на студентите (1921 – 1941)<br>-Списоци и статистички податоци за студентите (1927 – 1936) | 0055 | 818 |
| 0008 | 1920 1941 | -Списоци (1920 – 1941)<br>-Нострификација на докторски дипломи (1922 – 1941)<br>-Полагање на дипломски испити (1930 – 1939) | 0233 | 613 |
| 0009 | 1921 1941 | -Назначување на службеници (1921 – 1941)<br>-Службени листови и други документи за службениците (1921 – 1940)<br>-Уверенија за утврдување на работен стаж на службениците (1925 – 1938)<br>-Документи за унапредување, наградување и одликување (1925 - 1940)<br>-Документи за ослободување на службеници од воена обврска (1925 – 1940)<br>-Податоци и списоци за персоналот (1924 – 1941)<br>-Документи за отпуштање од служба и | 0113 | 454 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поднесени оставки (1925 – 1941)<br>-Други видови документи (1926 – 1941) | | |
| 0010 | 1921 | 1938 | Листа на асистенти; Толкувања за полагање испити; Уписи; Запишани студенти; Стипендии; Доделување на парична помош; Регулирање на воена обврска; Семестрални листови; Апсолвенти; Уверенија за положени колоквиуми; Семинарски трудови; Дипломи за завршени студии; Доделување награди; Регулирање студентско сместување; Бесплатни патувања; Преписки на Деканатот; | 0054 | 449 |
| 0011 | 1927 | 1937 | -Деканат: Документи издадени по барање на студентите | 0018 | 610 |
| 0012 | 1941 | 1941 | -Досиеја на професорите на Филозофски факултет во Скопје – А–Ј<br>-Рецензии на професорите (1929 – 1941) и<br>-Анекс кон досиејата на професорите | 0048 | 593 |
| 0013 | 1920 | 1941 | -Досиеја на професорите и службениците на Факултетот – К –Н | 0027 | 723 |
| 0014 | 1921 | 1941 | -Досиеја на професорите - О - Т | 0026 | 607 |
| 0015 | 1921 | 1941 | -Досиеја на професорите – У – Ш | 0012 | 301 |
| 0016 | 1924 | 1941 | -Документи од Советот на Филозофски факултет (1926 и 1931)<br>-Преписка на професорите на филозофски факултет од А до Ш<br>-Друг вид преписка (1931 и 1940) | 0023 | 698 |
| 0017 | 1941 | 1941 | -Група документи: Анекс на | 0017 | 558 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | преписката на професорите (од И до Ф по презиме) | | |
| 0018 | 1933 1938 | -Уверенија<br>-Молби<br>-Биографии<br>-Податоци и известувања во врска со студенти<br>-Студентски здруженија<br>-Студентски стипендии<br>-Награди и др. | 0016 | 467 |
| 0019 | 1939 1941 | -Молби<br>-Известувања за студенти<br>-Толкувања на членови од законот<br>-Вработувања<br>-Прекршоци и др. | 0020 | 680 |
| 0020 | 1920 1941 | -Деканат – Општи документи (1920 – 1929)<br>-Записници од седници на Советот на Факултетот (1920 – 1938)<br>-Други видови документи од Факултетот (1920 – 1941)<br>-Конкурси за избор на службеници на факултетот и други конкурси (1921 – 1933) | 0085 | 481 |
| 0021 | 1920 1941 | -Деканат на Факултетот – Општи материјали (1920 – 1941) | 0007 | 335 |
| 0022 | 1920 1941 | -Деканат – Општа преписка (1920 – 1941) | 0002 | 229 |
| 0023 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (А) (1920 – 1941) | 0043 | 500 |
| 0024 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по | 0070 | 764 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | азбучен ред (Б) (1920 – 1941) | | |
| 0025 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (В) (1920 – 1941)<br>-Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Г) (1920 – 1941) | 0056 | 718 |
| 0026 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Д) (1920 – 1941) | 0053 | 595 |
| 0027 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Ѓ, Е, Ж) (1920 – 1941) | 0001 | 604 |
| 0028 | 1920 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (З, И) (1920 – 1941) | 0001 | 434 |
| 0029 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (А) (1920 – 1941) средени по азбучен ред (Ј) (1920 – 1941) | 0001 | 646 |
| 0030 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (К) (1920 – 1941) | 0001 | 686 |
| 0031 | 1920 -1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Л, Љ) (1920 – 1941) | 0001 | 338 |
| 0032 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (М) (1920 – 1941) | 0001 | 564 |
| 0033 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (М) (1920 – 1941) | 0001 | 563 |
| 0034 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Н, О, П) (1920 – 1941) | 0001 | 804 |
| 0035 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (П) (1920 – 1941) | 0001 | 712 |
| 0036 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (П,Р) (1920 – 1941) | 0001 | 625 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 0037 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Р, С) (1920 – 1941) | 0001 | 724 |
| 0038 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (С,Т) (1920 – 1941) | 0001 | 593 |
| 0039 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Ќ, У, Ф, Х, Ц) (1920 – 1941) | 0001 | 567 |
| 0040 | 1920 - 1941 | -Досиеја на студенти, средени по азбучен ред (Ч, Ш) (1920 – 1941) | 0001 | 445 |
| 0041 | 1933 - 1941 | -Материјали од студиите на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје (1933 – 1941): Родослов на семејството Вуиќ; Научни трудови од областа на фолклорот, етнологијата, етнографијата и ономастиката; Извадоци од предавањата на професорите и песни од познати српски, хрватски и словеначки поети; Предавања на различни теми и Скрипти за работа на семинарите и курсевите | 0003 | 867 |
| 0042 | 1920 - 1941 | -Материјали од студиите на студентите на филозофскиот факултет во Скопје (1920 – 1941)<br>-Семинарски работи од областа на историјата, географијата, етнологијата и книжевноста<br>-Реферати на студентите, пристигнати на конкурс за најдобро изработен реферат за Светосавската награда | 0002 | 1874 |
| 0043 | 1923 - 1941 | -Деканат – Финансиски документи на | 0011 | 590 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | сметководството на филозофскиот факултет во Скопје<br>-Други видови финанасиски документи | | |
| | | **Кутии:** | **Арх. единици:** | **Листови:** |
| | **Вкупно:** | **43** | **1479** | **25816** |

## *2.4. Опис на архивската граѓа од фондот Филозофски факултет - Скопје*

**Првата кутија** од фондот Филозофски факултет – Скопје со гранични години 1919 - 1941 година содржи 88 архивски единици со вкупно 564 листови. Таа содржи важни документи во врска со основањето на Филозофслиот факултет во Скопје, како и неговото функционирање во периодот од неговото основање до 1941 година. Таков е *првиот Документ-писмо*[41] *од Министерот за просвета на Кралството на СХС до Ректорот на Универзитетот во Белград, во кое го известува за својата намера да поднесе предлог до Владата на Кралството за основање на Филозофски факултет во Скопје и бара мислење од Филозофскиот факултет при Универзитетот во Белград во врска со ова.* Документот е оригинал, отчукан на машина, на српскохрватски јазик, од 11 декември 1919 година.



Министарство Просвете

П.Бр. 17839

11 - XII - 1919 г.

у Београду

ГОСПОДИНЕ РЕКТОРЕ,

Као што Вам је познато, Скопље је један од најважнијих градова у целоме Краљевству како у трговинском и економном погледу, тако, и нарочито, у политичком националном и културном погледу. Стога је и просветни рад у Скопљу почео, одмах по ослобођењу, да се развија у великим размерама. Из тих разлога је несумњиво врло потребно да се у Скопљу оснује и нека школска установа виша од гимназије и учитељске школе које за сада тамо постоје. Ради тога намеран сам поднети предлог Краљевској Влади да се, у што краћем времену, оснује у Скопљу Философски факултет. Овај факултет не само што би био од великог националног и културног значаја и утицаја, већ би тиме што би привукао знатан број студената, олакшао у неколико и рад Универзитета у Београду.

Министар Просвете,

[41] ДАРМ, 01.0323.0001.0001/0001-0002.

Понатаму следува *Писмото*[42] од Деканатот на Филозофскиот факултет во Белград до Ректоратот на Универзитетот на Белград, *со кое се известува дека Советот на Филозофскиот факултет го одобрува предлогот за основање на Филозофски факултет во Скопје.* Ова писмо е оригинал, во ракопис, на српскохрватски јазик, од 29 декември 1919 година.



Универзитет у Београду
Философски факултет
Бр. 790 29/XII 1919

Господину Ректору Универзитета

Савет философског факултета у седници својој од 25. ов. мес. одлучио је:
Да се придружи мишљењу Универзитетског Савета о оснивању философског факултета у Скопљу и
Да исти буде аутономног карактера.
Саопштавајући Вам одлуку Савета фил. факултета, мени је част умолити Вас, да примите уверење о моме поштовању.

Декан
Философског факултета

На 2 февруари 1920 година, донесесена е и *Уредба за основање на Филозофскиот факултет во Скопје и Правниот факултет во Суботица.*[43] Според Уредбата, овие две институции се основани како самостојни заводи за универзитетска настава под надлежност на Универзитетот во Белград. Според Членот 5 од Уредбата, на Филозофскиот факултет во Скопје ќе се предавале

[42] ДАРМ, 01.0323.0001.0002/0003-0003.

[43] ДАРМ, 01.0323.0001.0003/0007.

следните предмети: *Филозофија со педагогија; Географија; Етнографија со Етнологија; Српски јазик и јужнословенски јазици; Останати словенски јазици со нивните литератури; класична филологија; Историја на Србите, Хрватите и Словенците со историја на Балканскиот полуостров; Општа историја; Византологија; и Археологија со историја на старата уметност.*

Копиите од *Записниците од седниците на Универзитетскиот Совет на Филозофскиот факултет одржани на 13 и 31 декември 1919 година и 13 март 1920 година, каде се наведени причините за основањето на Филозофскиот факултет, како и потврдувањето на изборот на редовни и вонредни професори на факултетот се меѓу поважните документи во првата кутија.* ***Тихомир Остоиќ*** *бил избран за редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје. Степан Куљбљкин, исто така, бил избран за редовен професор и тоа по предметот Словенска филологија.* ***Радослав Груиќ*** *и* ***Светомир Ристиќ*** *биле избрани за вонредни професори.*[44]

*Писмото од професорот Тихомир Остоиќ, со кое тој го известува Министерството за просвета за основањето на Филозофскиот факултет во Скопје и за неговиот избор за прв Декан на Филозофскиот факултет е уште еден важен документ за основањето на Факултетот. Писмото е оригинал, во ракопис, напишано на српскохрватски јазик.*[45]

Меѓу поважните документи се и работните верзии на *Уредбата за основање на Филозофскиот факултет во Скопје*[46] и *Уредбата за наставата на Факултетот*[47], *од 25 август 1920 година во Скопје*. Според *Уредбата за основање*, **Филозофскиот факултет во Скопје бил автономно тело во иста мера како и останатите факултети на Белградскиот Универзитет и располагал со свој буџет**. Советот на Филозофскиот факултет, покрај редовната дејност на факултетски Совет, ги вршел и функциите на Универзитетска Управа и Универзитетски Суд. Првите наставници на Филозофскиот факултет во Скопје

44 ДАРМ, 01.0323.0001.0004/0011-0014.

45 ДАРМ, 01.0323.0001.0005/0015-0015.

46 ДАРМ, 01.0323.0001.0007/0018.

47 ДАРМ, 01.0323.0001.0007/0019.

требало да бидат избрани од страна на Советот на Филозофскиот факултет во Белград, а новите наставници понатаму ќе биле избирани од страна на Филозофскиот факултет во Скопје. Првите предмети и предметни групи на Факултетот биле пропишани со оваа *Уредба*, а за нови предмети и предметни групи ќе одлучувал Советот на Филозофскиот факултет во Скопје. Според Членот 7 од *Уредбата*, дипломите од Филозофскиот факултет во Скопје имале иста вредност како и димпломите стекнати на Универзитетот во Белград. Во *Уредбата* за наставата на Филозофскиот факултет во Скопје биле наведени *предметите кои требало да се изучуваат:*

1. Филозофија со педагогија;
2. Географија;
3. Етнографија со етнологија;
4. Српски јазик со јужнословенски јазици;
5. Останати словенски јазици со нивните литератури;
6. Историја на српската книжевност со јужнословенски книжевности;
7. Класична филологија;
8. Историја на Србите, Хрватите и Словенците со историја на Балканскиот полуостров;
9. Историја на Стариот век;
10. Историја на Среден и Нов век;
11. Византологија; и
12. Археологија со историја на старата уметност.

Со *Уредбата за настава* биле пропишани и **предметите за полагање на дипломски испити** распоредени во пет групи:

1. Географија со етнологија, Српски јазик и Српска историја;
2. Српски јазик со книжевност, Словенска филологија и Историја на Српскиот народ;
3. Класична филологија, Општа историја и Историја на српската уметност;
4. Филозофија со педагогија, Географија и Општа историја; и
5. Историја на Србите со Светска историја, Византологија со Археологија, Грчки или Латински јазик.

Со *Уредбата за настава* било предвидено веднаш да се одберат лектори за француски, англиски, германски, руски, турски и албански јазик со нивните книжевности, како и отварање на Универзитетска библиотека. *Уредбата за основање на Философскиот факултет во Скопје* и *Уредбата за настава* на факултетот се оригинални документи, во ракопис на српскохрватски јазик.

Според *Објавата на Философскиот факултет во Скопје од 1 ноември 1920 година*, уписите на Факултетот требало да започнат на 15 ноември истата година. Насоките на кои можеле да се запишуваат студентите биле следните: **книжевност, лингвистика, историја, философија и педагогија**. Истата објава заедно со информациите за почетокот на предавањата требало да излезат и во Службен весник, во локалните весници и на огласната табла на Факултетот.[48]


Философски Факултет у Скопљу

Објава

Уписивање у овај факултет почиње 15 новембра о. год. Предаваће се засад ове струке: књижевност, лингвистика, историја, философија, педагогија. Теме лекција и почетак предавања објавиће се накнадно у Службеним Новинама, у месним листовима и на универзитетској табли.

1 нов. 1920
Скопље

Декан философског факултета
Др. Тихомир Остојић

Уште на самиот почеток од својата работа Философскиот факултет во Скопје се соочил со финансиски проблеми, недостиг на кадар, книги и материјали. Постојните катедри имале потреба од пополнување, а некои од катедрите предвидени со *Уредбата за Философскиот факултет во Скопје* не можеле ни да почнат со работа токму поради недостатокот од соодветни професори и лектори. Советот на Философскиот факултет од Скопје постојано пишувал писма и молби

[48] ДАРМ, 01.0323.0001.0008/0020.

до Универзитетот во Белград и Министерството за просвета во врска со овие проблеми. Како што се следните документи:

- *Извештај од деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје за поинтензивно работење на Факултетот.*[49]
- *Предлог – Одлука од советот на Филозофскиот факултет во Скопје до Советот на Филозофскиот факултет во Белград, за отварање на нови катедри и пополнување на постојните од 4 февруари 1922 година.*[50]
- *Писмо од Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје со кое го моли Генералниот инспекторат на министерството за финансии во Белград да одобри средства за набавка на книги за трите новоотворени катедри при Филозофскиот факултет во Скопје.*[51]
- *Писмо од Филозофскиот факултет во Скопје од 04.02.1924 година, со кое му го соопштува на Министерството за просвета своето решение за пополнување на Катедрата за практична филозофија со наставен кадар и вложување напор Советот на Белградскиот Универзитет да се заземе за тој проблем.*[52]
- Од *Извештајот*[53] *на Филозофскиот факултет во Скопје до Големата жупанија на скопската област во периодот од 1920 до 1930 година се добиваат исцрпни информации за организацијата и работата на Факултетот, како и за бројот на студентите.*

По основањето во 1920/1921 година на Факултетот работеле 2 редовни професори, 2 вонредни професори, 3 доценти и 3 хонорарни професори. Факултетот бил основан со историско - филолошки отсек и во тој облик работел и понатаму. Во **1930 година** работеле следните катедри: *катедра за теориска и*

---

[49] ДАРМ, 01.0323.0001.0013/0028-0029.

[50] ДАРМ, 01.0323.0001.0014/0030-0030.

[51] ДАРМ, 01.0323.0001.0024/0055-0055.

[52] ДАРМ, 01.0323.0001.0028/0061-0061.

[53] ДАРМ, 01.0323.0001.0053/0151-0151.

*практична филозофија; класична филологија; археологија; историја на стар век; историја на среден век; историја на нов век; национална историја; историја на Византија; француски јазик и книжевност; германски јазик и кножевност; компаративна книжевност; српски јазик и словенска филологија; југословенска книжевност; етнологија и етнографија; и географија.* Во учебната **1929/30 година** на факултетот предавале 5 редовни професори, 6 вонредни професори, 4 доценти, 2 хонорарни професори и 2 лектори за странски јазици. Секоја катедра имала свој семинар со потребната библиотека, а покрај тоа постоела и централна библиотека на Филозофскиот факултет со околу 60 000 книги. Во *Извештајот* е даден и преглед на бројната состојба на студентите, од кој може да се заклучи дека во првата деценија од работата на Факултетот бројот на запишани студенти константно се зголемувал секоја година.

**Преглед на бројната состојба на судентите:**

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **1920/21 година** | 11 | 10 | 21 |
| **1921/22 година** | 25 | 19 | 44 |
| **1922/23 година** | 35 | 34 | 69 |
| **1923/24 година** | 44 | 47 | 91 |
| **1924/25 година** | 55 | 63 | 118 |
| **1925/26 година** | 48 | 63 | 111 |
| **1926/27 година** | 37 | 57 | 94 |
| **1927/28 година** | 32 | 52 | 84 |
| **1928/29 година** | 40 | 84 | 124 |

Интересно е тоа што бројот на женски студенти со текот на годините го надминува бројот на машки студенти, што значи дека не постоела полова дискриминација во поглед на образованието, а и во тогашното традиционално и патријархално општество. Сепак семејствата им дозволувале на жените да се образуваат.

Во извештајот е даден и преглед на бројот на студенти кои дипломирале во тој период:

| | **машки** | **женски** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| **1920/21 година** | - | - | - |
| **1921/22 година** | - | - | - |
| **1922/23 година** | 3 | 1 | 4 |
| **1923/24 година** | 1 | 1 | 2 |
| **1924/25 година** | 2 | 1 | 3 |
| **1925/26 година** | 10 | 2 | 12 |
| 1926/27 година | 4 | 1 | 5 |
| 1927/28 година | 3 | 3 | 6 |
| 1928/29 година | 9 | 8 | 17 |

Документот е оригинал, отчукан, на српскохрватски јазик.

Факултетот доставувал извештаи за својата работа до сите релевантни институции во Кралството на СХС. Во писмото до Големиот жупан на скопската област - просветно одделение, Факултетот доставил Извештај[54] за делокругот на својата работа како и имињата на професорите и останатиот стручен персонал. Според овој документ Декан на Филозофскиот факултет во Скопје во 1929 година, бил *Д-р Милан Прелог*. **Редовни професори** биле: *Д-р Ќиро Трухелка, Д-р Милан Прелог, Д-р Радослав Груиќ, Д-р Петар Колендиќ и Д-р Евгение Ањичков*. **Вонредни професори** биле: *Д-р Мита Костиќ, Д-р Јосип Матасовиќ, Д-р Петар Јовановиќ, Д-р Бранко Граниќ, Д-р Воислав Радовановиќ и Д-р Перо Слјепчевиќ*. **Доценти** биле: *Д-р Миловој Павловиќ, Д-р Урош Сланкаменац, Д-р Душан Недељковиќ и Д-р Никола Банашевиќ*. **Хонорарен наставник** бил *Д-р Алексие Јелачиќ*. **Лектори** биле *Д-р Владимир Розов и Жозеф Фонтани*, а **асистенти** - *Атанасие Урошевич и Борис Шпора* (картограф).

[54] ДАРМ, 01.0323.0001.0054/0152-0152.

Добрите студенти, како и посиромашните студенти кои немале доволно средства, добивале *стипендии за студирање* во согласност со правилниците за добивање стипендии:

- *Правилник за доделување на стипендии на студентите од Филозофскиот факултет во Скопје, учениците од машките и женските гимназии, трговската академија, учителската школа и Великата медреса на Крал Александар во Скопје.*[55]

- *Правилник за доделување и користење на стипендии на Филозофскиот факултет во Скопје, кои ги даваат самоуправните власти и приватните установи и лица.*[56]

Во **првата кутија** се наоѓа и еден многу важен документ: *Протестната резолуција против наредбата за укинување на Филозофскиот факултет во Скопје*[57], донесена на протестната манифестација на студентите на Факултетот, одржана на 13 јануари 1933 година. Резолуцијата била усвоена од сите 170 студенти и студентки и била поддржана од професорите и Деканот на Филозофскиот факултет.

Во **првата кутија** се наоѓаат и повеќе уредби за факултетите во Белград, Загреб, Љубљана и Филозофскиот факултет во Скопје, измени и дополнувања на тие уредби, правилници за работа, толкувања на закони, укази итн:

- *Толкување на Законот за универзитетите и список на редовни и вонредни професори на Факултетот во Скопје од 11 јули 1930 год.*[58]

---

[55] ДАРМ, 01.0323.0001.0055/0153-0154.

[56] ДАРМ, 01.0323.0001.0059/0167-0168.

[57] ДАРМ, 01.0323.0001.0065/0207-0208, „...Južni krajevi moraju imati svoj Filozofski fakultet, jer oni to zaslužuju s obzirom na njihovu kulturnu ulogu koju su imali u prošlosti, a koju moraju imati i u budućnosti. Južni krajevi moraju imati svoj Filozofski fakultet i zato, što oni imaju veliki deo omladine, koji teba i mora da se školuje, a koji se, iz materijalnih razloga, može školovati samo u Skoplju. Kao mesto gde se ekonomski lakše postaje, Skoplje omogućuje više obrazovanje jednom velikom broju omladinaca, koju bi inače morali ostati na pola puta. I taj broj omladinaca ne može se pomiriti sa ukidanjem svoga Fakulteta, jer-se ne može pomiriti sa tim, da ne može doći do obrazovanja i do svog cilja.... mi studenti Filozofskog fakulteta molimo da: Filozofski fakultet u Skoplju ne bude ukinut, jer mi omladina ne možemo dopustiti kulturno i prosvetno kočenje i vraćanje unazad...”

[58] ДАРМ, 01.0323.0001.0056/0155-0157.

*- Указ на Законот за поставување, поставување на друга должност или струка, ставање на располагање, пензионирање и отпуштање службеници на Универзитетот, со кој се унапредуваат професори од Филозофскиот факултет во Љубљана, Филозофскиот факултет во Скопје и Земјоделско-шумарскиот факултет во Загреб од 17 ноември 1930 год.*[59]

*- Измени и дополнувања во измените и дополнувањата на чл.12, чл.23 и чл.25 од Уредбата на Филозофскиот факултет - Белград, од 24 септември 1931 год.*[60]

*- Одлука за изменување и дополнување на чл.11 и чл.12 од Уредбата на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на седницата на Советот на Филозофскиот факултет на 28 ноември 1931 година во Скопје.*[61]

*- Правила за основањето и работата на Народниот универзитет во Скопје од 1 јануари 1932 година.*[62]

*- Уредба на Филозофскиот факултет од 3 мај 1932 година.*[63]

*- Забелешки на Предлог - уредбата на Филозофскиот факултет во Скопје, доставени од наставниците до Деканот на Факултетот, од 21 мај 1932 година.*[64]

*- Одлука за начинот на предлагање и избор на доценти и професори според Општата уредба на Универзитетот, донесена од Министерството за просвета, од 12 мај 1934 година.*[65]

*- Правила на Сојузот на Југословенските национални академски организации, од 4 јуни 1935 година.*[66]

---

[59] ДАРМ, 01.0323.0001.0056/0158-0159.

[60] ДАРМ, 01.0323.0001.0056/0169-0170.

[61] ДАРМ, 01.0323.0001.0061/0171-0172.

[62] ДАРМ, 01.0323.0001.0062/0173-0178.

[63] ДАРМ, 01.0323.0001.0063/0179-0197.

[64] ДАРМ, 01.0323.0001.0064/0198-0206.

[65] ДАРМ, 01.0323.0001.0067/0210-0210.

[66] ДАРМ, 01.0323.0001.0068/0211-0222.

*- Измени и дополнувања на Уредбата за здруженијата на студентите од Универзитетот и Извештај за работата на Одборот за молби и жалби во кој се дадени предлози за нејзиното дополнување и Упатство за составување и предавање на листата за избори на потпорните и репрезентативните здруженија за периодот од 1935 до 1937 година, од 10 декември 1937 година.*[67]

*- Правила на Студентското зружение за српскохрватски јазик и книжевност при Филозофскиот факултет во Скопје, донесени на седницата на Советот на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 28.03.1938 год.*[68]

*- Писма во кои се изнесени мислења и предлози на деканите и професорите на филозофските факултети во Белград, Загреб, Љубљана и Скопје, во врска со предлог - уредбите за филозофските факултети во споменатите градови во 1938 година.*[69]

*- Уредба на филозофските факултети на Универзитетот во Белград, Загреб, Љубљана и Скопје, од [31.12.1938] год.*[70]

*- Општа уредба на Универзитетот од [31.12.1938] год.*[71]

*- Уредба за задачите и работата на Филозофскиот факултет од [01.01.1941] год.*[72]

*- Писма кои се однесуваат на проектот на новата Уредба за филозофските факултети во Белград, Скопје и Љубљана*; и *Уредба на филозофските факултети на Универзитетот во Белград, Загреб, Љубљана и Скопје од 1939 година.*[73]

*- Уредба за измени и дополнувања на Уредбата за здруженијата на слушатели на Универзитетот од 21 април 1934 година и 26 април 1937 година*;

[67] ДАРМ, 01.0323.0001.0071/0280-0288.

[68] ДАРМ, 01.0323.0001.0072/0289-0292.

[69] ДАРМ, 01.0323.0001.0075/0299-0326.

[70] ДАРМ, 01.0323.0001.0075/0327-0346.

[71] ДАРМ, 01.0323.0001.0076/0347-0432.

[72] ДАРМ, 01.0323.0001.0082/0458-0468.

[73] ДАРМ, 01.0323.0001.0083/0469-0506.

*Уредба за здруженијата на слушатели на универзитетот од 1940 година* и *Уредба за измени и дополнувања на уредбите за здруженијата на слушатели на Универзитетот од 21 април 1934 година, 26 април 1937 година и 28 декември 1940 година.*[74] *Оваа уредба е донесена на 01.03.1941 година.*

Многу интересен и важен документ поместен во **првата кутија** е *дискусијата Рацин, Панко, Љупче, проф. Радониќ, проф. Анчиќ и проф. Вулетиќ, во врска со докажувањето на постоењето на Македонија низ вековите и докажувањето на постоењето на името Македонија низ литературата и историјата, како и околу признавањето на независноста на Македонија.*[75] *Документот е од 3 декември 1939 година.*

На крајот од **првата кутија** сместен е и *Меморандумот*[76] *за Филозофскиот факултет во Скопје од 13 јануари 1933 година.* Во Меморандумот се изнесени сите причини зошто Филозофскиот факултет не смеел да биде укинат и зошто морал да продолжи со својата работа. На 13 јануари 1933 година, во кабинетот на Претседателот на Скопската општина, Јосиф Михајловиќ, во врска со ова прашање била одржана една широка конференција на која присуствувале претставници од: *Скопската општина, Трговско-индустриската комора, Занаетчиската комора, Трговското здружение, Југословенскиот сокол, Југословенската национална младина, Адвокатското здружение, Здружението на инжињери, секциите на Учителското и Професорското здружение, Јадранската стража, Народната одбрана итн.* На таа конференција присуствувале и сенатори и народни пратеници од *Вардарската бановина.* По сестраната дискусија на ова прашање се застанало на гледиштето дека „*Укинувањето на Филозофскиот факултет би било голем грев и кон Скопје и кон Јужна Србија и кон национално-културната мисија, која и ја должиме на овој дел од нашата држава...*“[77]. Веднаш бил избран Акционен одбор, кој бил ставен во должност да ја организира работата на акцијата: „*Во одбрана на Филозофскиот факултет во Скопје*“.

---

[74] ДАРМ, 01.0323.0001.0084/0507-0531.

[75] ДАРМ, 01.0323.0001.0078/0438-0450.

[76] ДАРМ, 01.0323.0001.0087/0552-0559.

[77] ДАРМ, 01.0323.0001.0087/0552-0559.

**Втората кутија** од фондот Филозофски факултет во Скопје, содржи 107 архивски единици со 704 листови. Граничните години на граѓата во **втората кутија** се 1922 - 1940 година.

Во заедничка кошулка се собрани *Записниците од седниците на Советот на Филозофскиот факултет во Скопје*[78] од 1922 до 1937 година. Седниците на Советот се одржувале еднаш или два пати месечно и се воделе прецизни записници за сите разгледувани прашања.

Во **втората кутија** сместени се и извештаите од работата на Филозофскиот факултет: *годишни извештаи за работата на Факултетот, извештаи од Деканатот на Филозофскиот факултет, извештаи од катедрите на Факултетот, извештаи од професорите за одржаните предавања, извештаи од институтите при Филозофскиот факултет, статистички извештаи, финансиски извештаи* итн.[79] Извештаите се средени хронолошки по месеци и години и се собрани во заедничка кошулка.

**Третата кутија** од фондот Филозофски факултет во Скопје, содржи 95 архивски единици со 328 листови. Граничните години на граѓата во **третата кутија** се 1923 - 1940 година.

Во истата кутија се сместени *Општи материјали од Деканатот на Филозофскиот факултет од 1924 до 1940 година.*[80]

Во **третата кутија** се сместени и документи поврзани со основањето и работата на семинарите при Филозофскиот факултет во Скопје: *Семинар за археологија и историја на уметност, Семинар за историја на Јужните словени, Семинар за историја на новиот век, Семинар за историја на среден век, Географски институт, Семинар за исзторија на Србите, Хрватите и Словенците, Семинар за југословенска книжевност, Семинар за компаративна книжевност, Семинар за француски јазик и книжевност, Семинар за германски јазик и книжевност, Семинар за теориска филозофија, Семинар за етнографија и*

[78] ДАРМ, 01.0323.0002.0001-0085/0001-0161.

[79] ДАРМ, 01.0323.0002.0086-0107/0162-0704.

[80] ДАРМ, 01.0323.0003.0001-0019/0001-0130.

*етнологија, Општ педагошки семинар, Семинар за српскохрватски јазик, словенска филологија и општа лингвистика, Семинар за класична филологија, Семинар за експериментална психологија.*[81]

Филозофскиот факултет во Скопје одржувал контакти и соработувал со многу друштва и здруженија. Документите и преписките што произлегле од таа соработка се сместени во **третата кутија** од фондот:

*- Писмо од Адвокатското здружение во Скопје со кое го известува Ректорот на Филозофскиот факултет за Одлуката за распишување на конкурс за наградување на теми од научен карактер, а кои ќе се однесуваат на Јужна Србија, со одредување комисија за оценување на пријавените теми, од 08 март 1923 год.*[82]

*- Покана од Скопското пеачко друштво „Мокрањац" до Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје, за учество во свеченото пренесување на посмртните останки на покојниот композитор Стеван Мокрањац од Скопје во Белград од 19 септември 1923 година.*[83]

*- Писмо од министерството за просвета на Кралството на СХС со кое го известува Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје дека Друштвото за историски студии во Мадрид организира предавања за странци, од 30 март 1928 година.*[84]

*- Писмо од Јанко Шуман, претседател на Управата за заштита на индивидуалната сопственост и Душан Пантиќ, секретар во Министерството за надворешни работи, како основачи на Здружението за заштита на книжевните и уметничките дела во Белград, со кое го известуваат Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје за формирањето на Здружението за заштита на книжевните и уметничките дела во Белград, како и за прославата на*

[81] ДАРМ, 01.0323.0003.0020-0047/0131-0205.

[82] ДАРМ, 01.0323.0003.0048/ 0206-0206.

[83] ДАРМ, 01.0323.0003.0050/0209-0209.

[84] ДАРМ, 01.0323.0003.0054/0222-0222.

*50-годишнината од постоењето на оваа асоцијација на меѓународно ниво и одржувањето Конгрес во Белград по тој повод. Писмото е од 13 јуни 1928 год.*[85]

*- Преглед на научните и стручните публикации на Скопското научно друштво и на Музејот на Јужна Србија од 13 февруари 1930 година.*[86]

*- Циркуларно писмо од Министерството за просвета на Кралството на СХС во врска со излегувањето од печат на збирката книги „Домашен универзитет на Народното дело" на Друштвото за издигнување на националната култура "Народно дело", од 7 март 1927 година.*[87]

*- Белград, Писмо од здружението на универзитетски наставници од Белград, упатено до Здружението на универзитетски наставници во Скопје, во кое се наведени обврските на наставниците кон Здружението, од 5 јули 1932 год.*[88]

*- Марибор, Писмо од Старешинското друштво на поранешните членови на Југословенското академско друштво „Триглав" од Марибор, со кое го известува Филозофскиот факултет во Скопје за својата работа и успесите во Грац и со кое бара Филозофскиот факултет во Скопје да издаде Уверение за правото на носење друштвен знак кога би постоело некое германско друштво на Факултетот, со што би се зголемил рејтингот на Академската колонија од Кралството на СХС во Грац и Уверение издадено од Филозофскиот факултет во Скопје од 20.10.1932 година.*[89]

*- Писмо од Претседателството на „Змијање", Друштво за пренесување на посмртните останки на покојниот писател Петар Кочиќ од Белград во Бања Лука и подигнување споменик во негова чест, со кое ги поканувaат неговите соработници, пријатели и симпатизери да присуствуваат на таа свеченост.*[90]

---

[85] ДАРМ, 01.0323.0003.0056/0225-0225.

[86] ДАРМ, 01.0323.0003.0057/0226-0228.

[87] ДАРМ, 01.0323.0003.0058/0229-0229.

[88] ДАРМ, 01.0323.0003.0059/0230-0230.

[89] ДАРМ, 01.0323.0003.0060/0231-0232.

[90] ДАРМ, 01.0323.0003.0061/0233-0233.

*- Нови Сад, Писмо од Музичкото друштво во Нови Сад, со кое го известува Филозофскиот факултет во Скопје за неговата работа од основањето и планот за гостување со мешовит хор во Скопје на 24.11.1932година, како и во други градови во Моравска и Вардарска бановина, од 10 ноември 1932 год.*[91]

Писма и инфомации поврзани со доделување на стипендии на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје исто така се наоѓаат во **третата кутија** сместени во заедничка кошулка *Стипендии (1930 - 1937)*:

*- Скопје, Писмо од Филозофскиот факултет во Скопје испратено до Министерството за просвета на Кралството на СХС со кое ги доставува колоквијалните оцени на стипендистите од Филозофскииот факултет во Скопје, од 29 март 1930 год.*[92]

*- Писмо од Државната реална гимназија во Ваљево, од 26 декември 1932 година, со кое се известува Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје, за распишан конкурс за доделување на стипендии од Фондот на Јордан Стаиќ, на кој можеле да учествуваат и студентите од Филозофскиот факултет од Скопје.*[93]

*- Белград, Писмо од Универзитетот во Белград, од 15 јуни 1936 година, со кое е упатено барање до Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје да се објави конкурс за доделување на две стипендии од страна на Министерството за просвета на Чехословачка за учебната 1936/37 година, согласно Декларацијата за културна соработка меѓу Чехословачка и Југославија.*[94]

*- Писма од Филозофскиот факултет во Скопје до Министерството за просвета на Кралството на СХС за распишаниот конкурс за доделување на феријални стипендии за студии во Чехословачка, на кој како единствен кандидат се пријавил Александар М. Богдановиќ.*[95]

---

[91] ДАРМ, 01.0323.0003.0062/0234-0234.

[92] ДАРМ, 01.0323.0003.0065/0238-0239.

[93] ДАРМ, 01.0323.0003.0066/0240-0240.

[94] ДАРМ, 01.0323.0003.0067/0241-0241.

[95] ДАРМ, 01.0323.0003.0068/0242-0243.

Во **третата кутија** се наоѓа и преписка во врска со разни курсеви кои се одржувале на Филозофскиот факултет или во странство:

*- Циркуларно писмо од Министерството за просвета на Кралството на СХС од 31 мај 1926 година, со кое известува за одржување на курсеви во Венеција и тоа: курсеви по италијански јазик и книжевност, венецијанска уметност и историја на Венеција.*[96]

*- Писма од Министерството за просвета на Кралството на СХС и Филозофскиот факултет во Скопје, со кои ги известуваат Деканатот, Библитеката и Советот на Факултетот за донесената Одлука за основање на Курсот за чешки јазик на Филозофскиот факултет во Скопје.*[97]

*- Писмо од Министерството за просвета на Кралството на СХС од 13 јуни 1932 година, со кое се известува Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје дека Филозофскиот факултет во Грац организира курсеви за обука на странци, наставници по германски јазик.*[98]

*- Писмо од Кралскиот генерален конзулат од 31 декември 1936 година, со кое на Министерството за надворешни работи му се доставува Прегледот на летните научни курсеви кои требало да се одржат во различни научни институти во Европа.*[99]

Преписката во врска со разни јубилеи и прослави е сместена на крајот од **третата кутија** во заедничка кошулка *Јубилеи и прослави (1922 - 1939)*:

*- Писмо-покана од Ректоратот на Универзитетот во Загреб од 8 октомври 1924 година, до Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје, по повод прославата на 50- годишнината од неговото постоење и одговор на поканата.*[100]

---

[96] ДАРМ, 01.0323.0003.0069/0244-0244.

[97] ДАРМ, 01.0323.0003.0070/0245-0247.

[98] ДАРМ, 01.0323.0003.0071/0248-0249.

[99] ДАРМ, 01.0323.0003.0072/0250-0250.

[100] ДАРМ, 01.0323.0003.0075/0254-0255.

*- Писмо од Црвено-школската Еврејска општина во Скопје со кое се известува Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје за свеченото отворање на Еврејскиот Универзитет во Ерусалим.*[101]

*- Писмо-покана од Министерството за просвета на Кралството на СХС до Деканатот на Филозофскиот факултет во Скопје за присуство на прославата во Париз по повод 100-годишнината од раѓањето на францускиот хемичар Марслен Бертло.*[102]

*- 31.08.1927 год. Хавана, Покана за прославата по повод 200-годишнината од основањето на Универзитетот во Хавана, Куба.*[103]

*- Покана за прославата на 100-годишнината на „Матица Српска" во Нови Сад на 28 и 29 декември, 1927.*[104]

*- 22.01.1928 год. Љубљана, Покана за прослава на 50-годишнината на Отон Жупанчиќ, испратена од Акциониот одбор за организирање на прославата во Љубљана и честитка испратена по тој повод од Филозофскиот факултет во Скопје.*[105]

*- Писмо од Академското пеачко друштво „Обилиќ" од Скопје испратено до Филозофскиот факултет со кое му испраќа список на делегати, учесници на прославата на 80-годишнината на Масарик, Претседател на Република Чехословачка.*[106]

*- 12.02.1931 год. Скопје, Документи во врска со прославата на 10-годишнината од основањето на Филозофскиот факултет во Скопје:*[107]

*-Прегледи и податоци за основањето и работата на Филозофскиот факултет;*

---

[101] ДАРМ, 01.0323.0003.0076/0256-0256.
[102] ДАРМ, 01.0323.0003.0078/0259-0259.
[103] ДАРМ, 01.0323.0003.0082/0263-0265.
[104] ДАРМ, 01.0323.0003.0084/0268-0274.
[105] ДАРМ, 01.0323.0003.0085/0275-0276.
[106] ДАРМ, 01.0323.0003.0086/0277-0277.
[107] ДАРМ, 01.0323.0003.0088/0282-0316.

*-Извештај за десетгодишната работа на Филозофскиот факултет поднесен од Деканатот;*

*-Писма за издавањето на првиот Алманах - годишник на Филозофскиот факултет;*

*-Покана за одржување седница на Советот на Филозофскиот факултет закажана за 31.05.1031 со следниот дневен ред:*

1. Читање и заверување на Записникот од претходната сеница
2. Соопштенија
3. Предлог за избор на наставник по класична филологија
4. Прослава на 10-годишнината од основањето на Филозофскиот факултет и
5. Разно

*-Покани - печатени материјали со Програма, како и други документи околу прославата.*

**Четвртата архивска кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје содржи една архивска единица со 316 листови. Граничните години на граѓата се 1921 - 1941 година. Оваа архивска кутија содрши општа преписка на Филозофскиот факултет во Скопје, водена во периодот од 1921 до 1941 година во врска со: признавањето на испитите на воените питомци кои сакаат да го продолжат школувањето; барања за реституција на обврзници од предвоените заеми на Кралството Србија и Црна Гора од поранешните територии; разграничувањето со Унгарија според Тријанскиот договор за мир; издавањето на свидетелства за завршено образование на кадетите од руските кадетски школи; уписот на студенти на високите школи во Прусија; изедначувањето на дипломите добиени на универзитетите на Кралството на СХС со оние во Франција и можноста за докторирање во Франција; размената на професори; бројот на вработените руски бегалци со Список, како и иселувањето на студенти во САД по квота. Документите се оригинали, копии, отчукани или во ракопис, а се напишани на српскохрватски, австриски, словеначки, француски, италијански и руски јазик.[108]

[108] ДАРМ, 01.0323.0004.0001/0001-0316.

**Петтата архивска кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје, содржи 133 архивски единици си 447 листови. Граничните години на граѓата се 1921 –1941 година. Во оваа кутија сместени се: *Општи материјали од персонален карактер (1921–1941 год.); Конкурси (1927-1941 год)* и *Биографии на професорите Људмил Мантуани - Долар, Сибе Миличиќ, Анте Мишура и Растко Пуриќ, кандидати за вршење професорска дејност на Филозофскиот факултет во Скопје,* како и *препис на нивните дипломи и прегледи на објавените научни трудови потребни за распишаните конкурси од страна на Факултетот.* Документите во **петата кутија** се оригинали, копии, отчукани или во ракопис, а се напишани на српскохрватски, латински и француски јазик.[109]

**Шестата кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје содржи 47 архивски единици и 610 листови. Граничните години на граѓата во кутијата се 1921-1941 година. Во оваа кутија во заедничка кошулка сместени се *Извештаи и податоци за основање на училишта и гимназии на територијата на Македонија во периодот од 1927 до 1932 година.* Во **шестата кутија** исто така се поместени и документи настанати во предвечерието на Втората светска војна во врска со организирање воени обуки, заштита од евентуални воздушни напади, евакуација итн. Овие документи се сместени во заедничка кошулка *Разни материјали 1938 - 1941* а овде ќе наведам само неколку:

- *08.09.1939 год. Белград, Наредба од Министерството за воена морнарица за отстапување на просториите на просветните установи во Скопје на користење на војската за воени потреби, доставено до Филозофскиот факултет - Скопје.*[110]

- *09.09.1939 год. Белград, Правилник од Министерството за просвета за заштита од воздушен напад, испратен до Филозофскиот факултет - Скопје.*[111]

---

[109] ДАРМ, 01.0323.0005.0001-0133/0001-0447.

[110] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0454-0454.

[111] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0455-0458.

*- 01.02.1940 год. Белград, Наредба од Министерството за просвета - општ оддел - Белград во врска со донесената Уредба за заштита од воен напад, доставена до Филозофскиот факултет - Скопје.*[112]

*- 15.03.1940 год. Скопје, Известување од Семинарот за општа историја - нов век при Филозофскиот факултет - Скопје, до Деканатот на Факултетот во врска со библиотечниот фонд на раритетни книги и архивата на Филозофскиот факултет во случај на воздушен напад.*[113]

*- 30.11.1940 год. Скопје, План за заштита на објектот на Филозофскиот факултет и објектот на Студентскиот дом - Скопје од воздушни напади; и Список на потреби за одбрана од воздушни напади, изготвен од Деканот на Филозофскиот факултет - Скопје.*[114]

*- 27.03.1941 год. Скопје, Наредба од Банската управа на Вардарска бановина - Скопје за евакуација на внатрешната архива, книгите и останатиот важен материјал од објектот на Филозофскиот факултет - Скопје.*[115]

*- 06.04.1941 год. Скопје, Податоци од Филозофскиот факултет - Скопје за содржината на архивската граѓа и други материјали при Факултетот пред војната.*[116]

[112] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0475-0476.

[113] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0496-0503.

[114] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0536-0540.

[115] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0552-0558.

[116] ДАРМ, 01.0323.0006.0024/0559-0564.



ДЕКАНАТУ ФИЛОЗОФСКОГ ФАКУЛТЕТА

СКОПЉЕ

Ректорату је част известити да је Универзитетски сенат на данашњој седници одлучио да предавања престану и факултет се почев од 1 априла 1941 г. ујутро затвори до даље наредбе.

Постарајте се у споразуму са месним властима да се имовина факултета на најбољи начин обезбеди.

Ректор Универзитета,

Краљевина Југославија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 1170.
— Скопље —

**Наредба за затворање на Филозофскиот факултет во Скопје**

На крајот од **шестата кутија** сместени се и зачуваните *весници и билтени од периодот од 1921 до 1941 година.*

**Седмата кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје е составена од 55 архивски единици со 818 листови, а граничните години на граѓата се од 1921 до 1941 година. Оваа архивска кутија содржи *Прегледи на предавања и списоци на студентите од 1921 -1941 година* сместени во заедничка кошулка, како и *Списоци и статистичи податоци за студентите од 1927 - 1936 година* во друга заедничка кошулка.[117]

**Осмата архивска кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје содржи 233 архивски единици со 613 листови. Граничните години на граѓата се од 1920 до 1941 година. Кутијата содржи: *разни списоци на професорите и службениците на факултетот, списоци на запишани студенти во зимските и летните семестри, списоци на дипломирани студенти, статистичи прегледи за студентите* итн. Исто така, во оваа архивска кутија во заедничка кошулка под наслов *Нострификација на докторски дипломи 1922 - 1941 година,* поместени се *информации и известувања за одобрување (нострификација) на докторати*

[117] ДАРМ, 01.0323.0007.0001-0055/0001-0818.

*стекнати во странство и нострификација на докторските дипломи стекнати на факултетите и високите школи во Кралството на СХС, како и известувањеа во врска со одбрана на докторски дисертации во периодот од 1930 до 1939 година.*[118]

Во **деветата кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје се наоѓа граѓа која се однесува на службениците на Филозофскиот факултет: *молби, писма и решенија за назначување на службеници на Факултетот во периодот од 1921 до 1941 година, службени листови и други документи за службениците од 1926 до 1940 година, уверенија за утврдување на работен стаж на службениците од 1925 до 1938 година, документи за унапредување, наградување и одликување на службениците од 1925 до 1940 година, документи за ослободување на службениците од воена обврска од 1925 до 1940 година, податоци и списоци за персоналот од 1924 до 1941 година, документи за отпуштање од служба и поднесени оставки од 192 до 1941 година и други видови документи од 1926 до 1941 година.* **Деветата кутија** содржи 113 архивски единици со 454 листови, а граничните години на граѓата се од 1921 до 1941 година.[119]

**Десетата кутија** од овој фонд содржи 54 архивски единици со 449 листови. Граничните години на граѓата се од 1921 до 1938 година. Кутијата содржи разновидна граѓа: *список на асистенти; толкувања за полагање испити; уписи; списоци на запишани студенти; доделени стипендии; доделување парична помош; регулирање воена обврска; семестрални листови; апсолвенти; уверенија за положени колоквиуми; апсолвенти; семинарски трудови; дипломи за завршени студии; доделување награди; регулирање студентско сместување; бесплатни патувања; преписки на Деканатот* итн.[120]

**Единаесетата архивска кутија** содржи *документи од Деканатот на Филозофскиот факултет издадени по барање на студентите*. Граничните години

[118] ДАРМ, 01.0323.0008.0001-0233/0001-0613.

[119] ДАРМ, 01.0323.0009.0001-0113/0001-0454.

[120] ДАРМ, 01.0323.0010.0001-0054/0001-0449.

на граѓата се од 1927 до 1937 година, а кутијата содржи 18 архивски единици со 610 листови.[121]

**Дванаесетата кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје содржи 48 архивски единици со 593 листови, а граѓата е од 1941 година. Граѓата содржи *досиеја на професорите на Филозофскиот факултет во Скопје средени по азбучен ред од А - Ј; рецензии на професорите и анекс кон досиејата на професорите.*[122]

**Тринаесетата кутија** исто така содржи *досиеја на професори и службеници на Факултетот по азбучен ред од К - Н.* Граничните години на граѓата се од 1920 до 1941 година. Архивската кутија содржи 27 архивски единици со 723 листови.[123]

**Четиринаесетата архивска кутија** содржи *досиеја на професори по азбучен ред од О - Т.* Кутијата содржи 26 архивски единици со 607 листови, а граничните години на граѓата се од 1921 до 1941 година.[124]

*Досиејата на професорите по азбучен ред од У до Ш* се сместени во **петнаесетата архивска кутија** од фондот. Граничните години на граѓата се од 1921 до 1941 година. Кутијата содржи 12 архивски единици со 301 лист.[125]

**Шеснаесетата архивска кутија** содржи *документи од Советот на Филозофскиот факултет - Скопје (1926 и 1931 година); преписка на професорите од Филозофскиот факултет од А до Ш како и друг вид преписка (1931 и 1940 година).* Граничните години на граѓата се од 1924 до 1941 година, а кутијата содржи 23 архивски единици со 698 листови.[126]

**Седумнаесетата кутија** содржи документи создадени во 1941 година, а тоа се група документи: *Анекс на преписката на професорите од Филозофскиот*

[121] ДАРМ, 01.0323.0011.0001-0018/0001-0610.
[122] ДАРМ, 01.0323.0012.0001-0048/0001-0593.
[123] ДАРМ, 01.0323.0013.0001-0027/0001-0723.
[124] ДАРМ, 01.0323.0014.0001-0026/0001-0607.
[125] ДАРМ, 01.0323.0015.0001-0012/0001-0301.
[126] ДАРМ, 01.0323.0016.0001-0023/0001-0698.

*факултет - Скопје (од И до Ф по презиме).* Граѓата е распоредена во 17 архивски единици со 558 листови.[127]

**Осумнаесетата кутија** од фондот соржи: *уверенија, молби, биографии, податоци и известувања во врска со студентите, документи за студентските друштва и студентските здруженија, известувања за доделени награди и стипендии и др.* Граничните години на граѓата се од 1933 до 1938 година, а кутијата содржи 16 архивски единици со 467 листови.[128]

**Деветнаесетата архивска кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје, содржи: *молби, известувања за студентите, толкувања на членови од закони, вработувања, прекршоци и други документи од Факултетот.* Граничните години на граѓата се 1939 - 1941 година, а кутијата содржи 20 архивски единици со 680 листови.[129]

**Дваесетата архивска кутија** содржи: *Општи документи од Деканатот на Филозофскиот факултет (1920-1929); Записници од седниците на Советот на Факултетот (1920-1938); Конкурси за избор на службеници на Факултетот и други конкурси (1921-1933); Други видови документи од Факултетот (1920-1941).* Кутијата содржи 85 архивски единици со 481 лист, а граничните години на граѓата се 1920-1941 година.[130]

**Дваест и првата кутија** содржи *општи материјали од Деканатот на Филозофскиот факултет.* Граничните години на граѓата во кутијата се од 1920 до 1941 година, а кутијата содржи 7 архивски единици со 335 листови.[131]

**Дваесет и втората кутија** содржи *општа преписка на Деканатот на Филозофскиот факултет* распоредена во две архивски единици со 229 листови. Граничните години на граѓата во кутијата се од 1920 до 1941 година.[132]

---

[127] ДАРМ, 01.0323.0017.0001-0017/0001-0558.

[128] ДАРМ, 01.0323.0018.0001-0016/0001-0467.

[129] ДАРМ, 01.0323.0019.0001-0020/0001-0680.

[130] ДАРМ, 01.0323.0020.0001-0085/0001-0481.

[131] ДАРМ, 01.0323.0021.0001-0007/0001-0335.

[132] ДАРМ, 01.0323.0022.0001-0002/0001-0229.

*Досиејата на студентите* средени по азбучен ред (А) се сместени во **дваесет и третата кутија**. Граничните години на граѓата се 1920-1941 година. Кутијата содржи 43 архивски единици со 500 листови.[133]

**Дваесет и четвртата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (Б)*. Граничните години на граѓата се 1920-1941 година, а кутијата содржи 70 архивски единици со 764 листови.[134]

**Дваесет и петата архивска кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (В, Г)*. Граничните години на граѓата се 1920-1941 година, а кутијата содржи 56 архивски единици со 718 листови.[135]

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (Д)* се сместени во **дваесет и шестата кутија**. Граничните години на граѓата се 1920-1941 година. Кутијата содржи 53 архивски единици со 596 листови.[136]

**Дваесет и седмата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (Ѓ, Е, Ж)*. Кутијата содржи една архивска единица со 604 листови, а граничните години на граѓата се 1920-1941 година.[137]

**Дваесет и осмата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (З, И)*. Кутијата содржи една архивска единица со 434 листови, а граничните години на граѓата се 1920-1941 година.[138]

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (Ј)* се сместени во **дваесет и деветата кутија**. Граничните години на граѓата се 1920-1941 година. Кутијата содржи една архивска единица со 646 листови.[139]

---

[133] ДАРМ, 01.0323.0023.0001-0043/0001-0500.
[134] ДАРМ, 01.0323.0024.0001-0070/0001-0764.
[135] ДАРМ, 01.0323.0025.0001-0056/0001-0718.
[136] ДАРМ, 01.0323.0026.0001-0053/0001-0596.
[137] ДАРМ, 01.0323.0027.0001/0001-0604.
[138] ДАРМ, 01.0323.0028.0001/0001-0434.
[139] ДАРМ, 01.0323.0029.0001/0001-0646.

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (К)* се сместени во **триесетата кутија**. Граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година. Кутијата содржи една архивска единица со 686 листови.[140]

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (Л, Љ)* се сместени во **триесет и првата архивска кутија**. Граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година. Кутијата содржи една архивска единица со 338 листови.[141]

**Триесет и втората кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (М)*. Кутијата содржи една архивска единица со 564 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[142]

**Триесет и третата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (М)*. Кутијата содржи една архивска единица со 563 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[143]

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (Н, О, П)* се сместени во **триесет и четвртата кутија**. Граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година. Кутијата содржи една архивска единица со 804 листови.[144]

**Триесет и петата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (П)*. Кутијата содржи една архивска единица со 712 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[145]

**Триесет и шестата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (П, Р)*. Кутијата содржи една архивска единица со 625 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[146]

---

[140] ДАРМ, 01.0323.0030.0001/0001-0686.
[141] ДАРМ, 01.0323.0030.0001/0001-0338.
[142] ДАРМ, 01.0323.0032.0001/0001-0564.
[143] ДАРМ, 01.0323.0033.0001/0001-0563.
[144] ДАРМ, 01.0323.0034.0001/0001-0804.
[145] ДАРМ, 01.0323.0035.0001/0001-0712.
[146] ДАРМ, 01.0323.0036.0001/0001-0625.

*Досиејата на студентите средени по азбучен ред (Р, С)* се сместени во **триесет и седмата архивска кутија**. Граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година. Кутијата содржи една архивска единица со 724 листови.[147]

**Триесет и осмата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (С, Т)*. Кутијата содржи една архивска единица со 593 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[148]

**Триесет и деветата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (Ќ, У, Ф, Х, Ц)*. Кутијата содржи една архивска единица со 567 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[149]

**Четириесетата кутија** ги содржи *досиејата на студентите по азбучен ред (Џ, Ш)*. Кутијата содржи една архивска единица со 445 листови, а граничните години на граѓата се 1920 - 1941 година.[150]

**Четириесет и првата архивска кутија** содржи *материјали од студиите на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје*, *Родослов на семејството Вујиќ*, *научни трудови од областа на фолклорот, етнологијата, етнографијата и ономастиката*, *написи од различни автори, изводоци од предавањата на професорите и песни од познати српски, хрватски и словенечки поети, предавања на различни теми и скрипти за работа на семинарите и курсевите*. Граничните години на граѓата се 1933 - 1941 година, а кутијата содржи 3 архивски единици со 867 листови.[151]

Во **четириесет и втората кутија** од фондот Филозофски факултет-Скопје, има две архивски единици со 1874 листови, а граничните години на граѓата се 1920-1941 година. Кутијата содржи *материјали од студиите на студентите на Филозофскиот факултет во Скопје, семинарски работи од областа на*

[147] ДАРМ, 01.0323.0037.0001/0001-0724.

[148] ДАРМ, 01.0323.0038.0001/0001-0593.

[149] ДАРМ, 01.0323.0039.0001/0001-0567.

[150] ДАРМ, 01.0323.0040.0001/0001-0445.

[151] ДАРМ, 01.0323.0041.0001-0003/0001-0867.

*историјата, географијата, етнологијата и книжевноста и реферати на студентите за конкурсот за Светосавската награда.*[152]

**Четириесет и третата** и последна кутија од фондот Филозофски факултет-Скопје, е со гранични години на граѓата 1923 - 1941 година. Има 11 архивски единици со 590 листови. Кутијата содржи *финансиски документи на сметководството на Филозофскиот факултет во Скопје и други видови финансиски документи.*[153]

[152] ДАРМ, 01.0323.0042.0001-0002/0001-1874.

[153] ДАРМ, 01.0323.0043.0001-0011/0001-0590.

# ТРЕТА ГЛАВА

## *ЗНАЧЕЊЕТО НА АРХИВСКАТА ГРАЃА ОД ФОНДОТ ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ (1919 - 1941) ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ*

### *3.1. Архивската граѓа како сведоштво за образовната и воспитната цел и дејност на институцијата Филозофски факултет во Скопје и како сведоштво за научната и културната дејност на наставниците и соработниците на Факултет*



**Зградата на Филозофскиот факултет на кејот на Вардар**

Филозофскиот факултет во Скопје претставувал “несудена матица на просветителската мисија на Југот”. Селективната уписна и наставна политика ја направиле оваа установа просветно амбициозна и национално ангажирана. Амбициозниот почеток на работата на Факултетот (11 научни групи, просветна и научна елита за катедрите, солидно опремена библиотека) бил условен и од личниот ангажман на професорите - ентузијасти кои иницирале неколку важни институции: *Скопското научно друштво*, *Музејот на Јужна Србија*, *Народниот универзитет*, *туристичкото друштво Југ.*[154] Под влијание на професорите на Филозофскиот факултет настанале и други стручни здруженија со нагласена

[154] В.Јовановић, Вардарска бановина...op.cit., 439.

национална компонента, како што се *Друштвото за српски јазик и књижевност*, *Педагошкото друштво* и *Географското друштво*. Идеолошкото и националното значење на овие краеви влијаеле на тоа нивната иницијатива да добие соодветна материјална потпора од државата.[155] Со тоа Факултетот навистина станал јадро на научното и културното збирање од кое бил канализиран и контролиран целокупниот процес на просветување на југоистокот на земјата.

На десетгодишнината од основањето на Филозофскиот факултет во Скопје излегол и првиот од вкупно четирите зборници *Годишњак Скопског филозофског факултета*.[156]

Во првиот зборник *Годишњак Скопског филозофског факултета*, кој излегол на 340 страници, покрај трудовите на 18 професори[157] од Филозофскиот факултет во Скопје, поместени се и следните прилози: Список на тогашните наставници на Филозофскиот факултет во Скопје; Список на поранешните наставници на Факултетот; Список на Семинарите и Институтите на Факултетот; Библиографија на тогашните наставници; Статистика на слушателите од 1920 до 1930 година; Статистика на полагањата на испитите и Список на аминистративниот персонал.

Вториот број на зборникот *Годишњак Скопског филозофског факултета* излегол на 269 страници и во него се поместени трудовите на професорите: Баја Бајиќ, Франце Месеснел, Миленко Филиповиќ, Душан Недељковиќ, Миодраг Пурковиќ, Алексије Јелачиќ, Харалампие Поленаковиќ и Тихомир Вукановиќ.

Третата книга *Годишњак Скопског филозофског факултета* излегла на 245 страници и во неа се поместени трудовите на професорите: Перо Слијепчевиќ,

---

[155] V.Jovanović, *Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929*, ..op.cit., 141.

[156] Првиот зборник излегол во 1930 година. Вториот во кој се поместени трудови од професорите на Филозофскиот факултет напишани во периодот 1931 - 1933 година, излегол со задоцнување во 1938 год., кога излегол и третиот зборник кој се однесувал за периодот од 1934 -1938 година. Четвртиот зборник излегол во 1940 година, а во него се објавени трудови кои се напишани во периодот од 1939 - 1940 год.

[157] Во првиот зборник *Годишњак Скопског филозофског факултета* поместени се трудовите на професорите: Првош Сланкаменац, Перо Слијепчевиќ, Никола Банашевиќ, Ќиро Трухелка, Мита Костиќ, Алексије Јелачиќ, Милан Прелог, Миленко Филиповиќ, Душан Недељковиќ, Франц Месеснел, Е. В. Ањичков, Петар Колендиќ, Радослав Грујиќ, Владимир Розов, Петар С. Јовановиќ, Јосип Матасовиќ, Војислав С. Радовановиќ и Миливој Павловиќ.

Војислав С. Радовановиќ, Јосип Матасовиќ, Првош Сланкаменац и Миливој Павловиќ.

Во четвртиот зборник *Годишњак Скопског филозофског факултета* кој излегол на 273 страници, поместени се трудовите на професорите: Михаило Стевановиќ, Миодраг Пурковиќ, Владимир Мошин, Грегор Чремошник, Владо Латковиќ, Првош Сланкаменац и Миливој Павловиќ.

Еден од поголемите зборници на прилози за Македонија и јужниот дел на Србија и Косово и Метохија, кој излегол во Скопје во 1937 година, е зборникот кој излегол на 25 годишнината од ослободувањето на Јужна Србија од турската власт . Во него се поместени голем број трудови од познати научни, просветни и кулурни работници. Иако тоа не е издание само на Факултетот, најголем дел од прилозите се од професорите на Филозофскиот факултет. Независно од политичкиот карактер на годишнината во тој зборник на околу 1000 страници се поместени драгоцени податоци за историјата, уметноста, етнологијата, просветата, стопанството и други области. Тука се наоѓа трудот на професорот **д-р Војислав Радовановиќ** „*Географските основи на Јужна Србија*“ (со 33 слики во текстот и една карта во прилог), трудот на **д-р Никола Вулиќ** „*Антички споменици*“ (со 12 слики во текстот) и трудовите „*Византиски споменици*“ (со 12 слики во текстот) и „*Стари српски споменици*“ (со 29 слики во текстот) од **проф. Франц Месеснел**. **Проф. Миленко Филиповиќ** во зборникот издал својот опширен труд „*Етничките прилики во јужна Србија*“ (со 10 слики во текстот), додека **д-р Делимир Лазаревиќ** своите истражувања на дијалектите и наречјата на територијата на Македонија ги изнел во трудот „Дијалектски испитувања во Јужна Србија“. **Д-р Атанасије Урошевиќ** го напишал прилогот „*Трговијата до крајот на 18 век*“ како и трудот „*Аграрна реформа и населување*“ (со еден графикон во текстот). **Професорот д-р Војислав Радовановиќ** во зборникот ги поместил и своите прилози „*Музејот на Јужна Србија*“ и „*Скопско научно друштво*“.

### *3.1.1. Скопско научно друштво*

Фондот *Скопско научно друштво* во Државниот архив на Република Македонија бил формиран при класификацијата на архивската граѓа од фондот Филозофски факултет и е заведен под бројот **486**. Тоа е фонд од II категорија. Фондот содржи 4 архивски кутии со архивска граѓа и 8 книги. Кутиите содржат вкупно 93 архивски единици со 2105 листови. Граничните години на фондообразователот се 1921-1941 година, додека граничните години на архивската граѓа се 1920-1941 година.

*Скопското научно друштво* било формирано во состав на Филозофскиот факултет во Скопје на 26 март 1921 по иницијатива на деканот и професор на Филозофскиот факултет **д-р Радован Грујиќ**, а било сместено во втората факултетска зграда, каде што Друштвото имало магацин за книги и своја библиотека со стручна литература, која постојано се зголемувала. Целта на *Скопското научно друштво* била сестрано и научно да ја проучува Македонија, тогашна Јужна Србија и околните области.

На 21 март 1925 година, Друштвото е реорганизирано откако биле обезбедени потребните средства за работа.

Главна задача на друштвото била да ја организира научно-истражувачката работа на теренот на Јужна Србија, помагајќи им притоа и на одредени стручњаци и научни експедиции. Проучувањата требале да бидат историски, археолошки, литературно-лингвистички, етнографски, антрополошки, правни, економски, социјални, географски, геолошки, ботанички, зоолошки, а својата научно - истражувачка работа Друштвото ја остварувало со организирање научни екскурзии, собирање народни умотворби, ископување историски и археолошки споменици, фотографирање, собирање народни носии, накит и други предмети од народниот живот.[158]

[158] Алла Качева, Славица Христова и др, Животот во Скопје 1918-1941, Музеј на град Скопје, Скопје, 2002 год., 277.

Друштвото се финансирало со членарина и прилози од членовите, со помош од државата, од разни донации, јавни предавања и изданија на Друштвото, од државни самоуправни установи, од приватни лица, подароци и легати.

*Скопското научно друштво* имало редовни, дописни и почесни членови, потоа членови соработници, помагачи, добротвори и големи добротвори. Друштвото имало 24 редовни членови од кои 8 можеле да бидат надворешни. Дописни членови исто така имало 24. Бројот на членови соработници не бил ограничен. Помагачите плаќале по 100 динари годишна членарина, добротворите еднократно донирале по 1 000 динари, а големите добротвори најмалку по 5 000 динари.[159]

Седниците на *Скопското научно друштво* се одржувале секоја последна сабота во месецот, а претставувале стручни собири на кои се читале и дискутирале трудовите на членовите и се реферирало за сите научни публикации кои се однесувале на Јужна Србија. Исто така се одржувале и редовни годишни и вонредни собири, свечени седници како и јавни предавања. Годишните собири се одржувале во април, кога се поднесувал годишен извештај за работата на управата, уредниците и библиотеката. Свечените собири се одржувале во мај кога се доделувале пофалници, биле примани нови членови, и биле одржувани јавни предавања.

Во 1921 година, на првата седница на *Скопското научно друштво*, бил издаден проспект за монографија на градот Скопје, која ја опфаќала целокупната историја на градот. Во оваа монографија свои трудови имале: **д-р Г. Новак** со темата „*За историјата на Скопје од најстари времиња до освојувањето на градот од Србите*", **д-р Р. Груиќ**, „*Историја на градот Скопје за време на српскиот период*", **Г. Елезовиќ** и **д-р М. Костиќ**, „*Скопје под Турците*", **д-р П Колендиќ**, „*Односите на Скопје до Дубровник и јадранското приморје*", **М. Чемериќиќ**, „*Најнова историја на Скопје од Балканските војни 1912 до денес со оглед на сегашната социо-економска состојба на градот*", и **д-р П. Јовановиќ** кој ја проучил географската, етнолошката и климатската страна на Скопје.

---

[159] ДАРМ, фонд Скопско научно друштво, 01.0486.0001.0012/0051-0057.

На редовниот годишен собир на редовните членови на *Скопското научно друштво* во 1938 година, во предлогот за избор на редовни и дописни членови на Друштвото, биле имињата на **д-р М.С. Филиповиќ**, кој во 1930 година бил доцент на Филозофскиот факултет, **д-р Франц Месеснел** кој работел во *Музејот на Јужна Србија*, а потоа на Филозофскиот факултет, **д-р Анастасије Урошевиќ**, научен соработник, **Јосиф Михајловиќ**, архитект и претседател на Скопската општина, **проф. Стефан Симиќ**, **д-р Синиша Станковиќ**, член на САНУ, **д-р Фран Туцан**, универзитетски професор од Загреб, **Никола Мартиноски**, сликар и други.[160]

До 1941 година *Скопското научно друштво* објавило четири серии од своите научни изданија, меѓу кои и главниот орган на Друштвото, *Гласник на Скопското научно друштво* кој излегувал полугодишно на 15 штампани табаци и во кој излегувале трудовите на факултетските професори од областа на историјата, географијата, етнографијата, филологијата, природните науки и сл. Самите иницијатори во својот *Гласник* виделе неопходен пандан на софискиот "*Македонски преглед*" со кој требало да се парализира меѓународната промоција на бугарските научни резултати. Од друга страна, македонските историчари *сметаат дека основната цел на соработниците на Гласникот* на Скопското научно друштво била докажување на српскиот карактер на Македонија. Во периодот од 1925 -1941 година, од *Гласникот на Скопското научно друштво*, од печат излегле 21 книга со 5.631 страница во голем октав формат и со 2.151 научна илустрација. Речиси сите статии од *Гласникот* на крајот имале резиме на еден странски јазик, обично на француски или германски, за што поголем публицитет во светот. Покрај тоа, како свои посебни изданија *Скопското научно друштво* ги издавало и следните три серии: Книги на *Скопското научно друштво* (во кој се објавувани монографии посветени на културата и минатото на јужна Србија), Зборник за етнографија и фолклор на Јужна Србија и соседните области (под уредништво на **професорот д-р В. С. Радовановиќ**) и Зборник за историјата на Јужна Србија и соседните области (под уредништво на **д-р Р. М. Грујиќ**). [161]

---

[160] А.Качева, op.cit., 277-278.

[161] Мирко Јовановић, Друштва и установе, Споменица 25-годишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље 1935, 1009.

*Скопското научно друштво* вршело размена на своите публикации со научните изданија на академиите на науки, универзитетите, и други научни институции од повеќе земји: Австрија, Англија, Белгија, Бугарија, Грција, Естонија, Италија, Летонија, Литванија, Унгарија, Германија, Норвешка, Турција, Романија, Русија, Полска, Финска, Франција, Чешка, Шведска, како и Америка и Јапонија.

Од основањето па сè до 1941 година, седиштето на *Скопското научно друштво* било во втората зграда на Филозофскиот факултет во Скопје, каде што бесплатно му биле дадени на користење три простории. Но, во 1941 година, на барање на Филозофскиот факултет тие морале да се иселат, па така се наметнала потребата од ново седиште. Затоа, *Скопското научно друштво* побарало од Вардарската бановина, покрај редовната буџетска помош што ја добивало секоја година, за буџетската 1941/42 година да му се додели вонредна парична помош за изградба на Дом на *Скопското научно друштво*.

Сепак, во 1941 година со почетокот на Втората светска војна, Друштвото престанува со работа.

*Скопското научно друштво* во текот на своето постоење со голем успех ја извршувало својата главна задача сестрано и научно да ја проучува Македонија и соседните области, како и да ја развива науката и уметноста воопшто. Како краен резултат од таквата работа Скопското научно друштво објавило 21 книга од својот главен орган *Гласник на Скопското научно друштво*, и многубројни научни публикации кои имале особено значење за југословенската наука и култура. Необично разгранетата размена на публикациите на СНД со најголемите светски научни установи, како: Британскиот музеј од Лондон и Американскиот музеј од Вашингтон, сите три германски Академии на науките од Берлин, Минхен и Виена, најважните словенски Академии на науки, двете руски од Санкт Петербург и Одеса и чехословачката од Прага и многу други институции - сето тоа покажува со каков интерес се следеле изданијата во светската научна јавност. Гледано од денешен аспект може да се заклучи дека со оглед на тогашните општествено-политички

услови во кои функционирало *Скопското научно друштво* и резултатите кои ги постигнало, тоа многу успешно ја исполнувало својата научно-културна мисија.

### *3.1.2. Народен универзитет*

По основањето на Филозофскиот факултет во Скопје започнале и подготовките за отворање на една посебна културно–просветна институција – *Народниот универзитет* во Скопје. Уште кон крајот на 1920 година одреден број професори од Филозофскиот факултет и учителската школа почнале да држат предавања за граѓаните, а поради големиот интерес од 1923 година предавањата почнале да се одржуваат редовно. Првото предавање на Народниот универзитет во Скопје било одржано на 4 ноември 1923 година и било бесплатно за сите заинтересирани. Во 1924 година во салата на Филозофскиот факултет биле одржани 11 предавања, а на 9 декември 1925 година, под раководство на просветниот инспектор Драгомир Обрадовиќ бил основан *Акционен одбор за Народниот универзитет*. Неколку денови подоцна бил основан и првиот Одбор на Народниот универзитет. На основачката седница на Одборот биле донесени *Правилата*[162] *на Народниот универзитет* и било решено неговата дејност да се прошири и на техничките и природните науки, а предавањата наместо на Филозофскиот факултет, да се одржуваат во салата на *Просветниот дом.*[163] *Основачи на Народниот универзитет* биле: **Јосиф Михајловиќ, д-р Миливоје Павловиќ, д-р Петар С. Јовановиќ, Раде Убавиќ и д-р Хран М. Јоксимовиќ.**[164] На 27 декември 1925 година било одржано првото предавање во салата на просветниот дом, заинтересираните плаќале влезници и тоа граѓаните по 2 динари, а учениците и војниците по 1 динар. Половина од парите, собрани од влезниците, биле наменети за предавачите, а од остатокот се финансирале печатењето на предавањата и патните трошоци на предавачите. Во периодот 1925–1928 година биле одржани вкупно 76 предавања, а просечниот број на посетители на едно

[162] ДАРМ, 01.0323.0001.0062/0173-0178, *Правила Народног универзитета у Скопљу.*

[163] Александар Илиевски, *Основањето и дејноста на Народниот универзитет во Скопје меѓу двете светски војни*, Гласник ИНИ, бр.2 -3, Скопје 1979 год., 158-159.

[164] ДАРМ, 01.0323.0001.0062/0173-0178.

предавање бил околу 90 лица. Од Хигиенскиот завод, *Народниот универзитет* добил кино-прожектор, а почнале да се организираат и книжевни и музички вечери. Според правилникот, *Народниот универзитет* во Скопје се финансирал од продажбата на влезници за предавањата, од продажба на печатените изданија како и од помошта на државата која во периодот 1925 – 1928 година изнесувала 5 000 динари годишно.

### *3.1.3. Музеј на Јужна Србија*

*Музејот на Јужна Србија* бил уште една од институциите формирани по иницијатива на еден од професорите на Филозофскиот факултет. Имено, кога **д-р Радослав Грујиќ** дошол во Скопје да предава на *Катедрата за национална историја при Филозофскиот факултет*, тој почнал да патува низ Македонија со цел да ја запознае земјата. На тие негови екскурзии и патувања наишол на бројни драгоцени објекти и остатоци од античкиот, римскиот, ромејскиот и османлискиот период. По иницијатива и под надзор на **професорот Грујиќ** во 1921 година почнале да се пренесуваат сите поважни камени споменици од територијата на Македонија во Скопје. На иницијатива на *Скопското научно друштво* биле собрани 200 камени предмети од класичната и средновековната култура и донесени во *Музејот на Јужна Србија* со што биле удрени темелите на лапидариумот на Историско-археолошкото одделение во *Музејот* сместен во Куршумли-ан. Поголемите и потешки споменици биле сместувани во дворот на Филозофскиот факултет, а помалите во сутеренот на Филозофскиот факултет. *Музејот* бил основан на 1 април 1924 година. Во почетокот *Музејот* се викал *Историско-археолошки музеј* како неговото основно одделение. Во периодот 1924 -1925 година, благодарение на широкиот научно-музејски интерес на неговиот основач **д-р Грујиќ**, како и со пристигнувањето на други стручни музејски соработници, *Музејот* се развил во национално-културна установа во која покрај *Историско-археолошкото одделение како основно, во 1925 година било основано Етнографско-антропогеографското одделение, во 1926 година Зоолошкото одделение и во 1927 година Геолошко-петрографското одделение*. Својата работа

*Музејот* исто така ја збогатил со издавање на научните публикации *„Посебни издања„* и *„Годишник"*. Покрај **д-р Радослав Грујиќ** иницијаторот и основач на *Музејот*, и други професори од Филозофскиот факултет имале голем удел во прибирањето, средувањето и проучувањето на етнолошките предмети, проучувањето и фотографирањето на археолошките локалитети. **Професорот д-р Војислав Радовановиќ** кој бил поставен за кустос на Етнографско-антропогеографското одделение при *Музејот на Јужна Србија*, а **д-р Франц Месеснел** вршел фотографирања на археолошки локалитети.[165]

### *3.1.4. Географско друштво*

*Географското друштво* (отсек) бил основан во 1922 година по иницијатива на професорите од Филозофскиот факултет. Членови на *Друштвото* биле наставници од Факултетот, како и од средните и од стручните училишта. На стучните собири на *Друштвото* се читале стручни теми и трудови од областа на географијата, етнографијата и фолклорот. Трудовите биле објавувани во *Гласникот на Скопското научно друштво* и други списанија.[166] Во 1930 година, во Скопје бил одржан конгрес на словенски етнографи и географи на иницијатива на **д-р Јован Цвијиќ** од Белградскиот универзитет, иницијаторот за основање на Филозофскиот факултет во Скопје. Во чест на конгресот во Офицерскиот дом бил одржан свечен банкет, а овој конгрес за градот претставувал вистинска културна манифестација.[167]

### *3.1.5. Етнолошко друштво*

*Етнолошкото друштво*, како и останатите научно - културни институции во тоа време, било формирано од страна на професорите и соработниците на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1939 година на основачкото собрание на етнолошкиот семинар било формирано *Етнолошкото друштво*. За претседател на

---

[165] ДАРМ, 01.0323.0017.0005/0016-0016, *Одлука Музеја на Јужне Србије да д-р Фран Месеснел врши фотографисање археолошких локалитета у селима Кучевиште и Радишане.*

[166] ДАРМ, 01.0323.0016.0015/0226-0530, работен материјал од д-р Воислав Радовановиќ од областа на географијата предвиден за печатење.

[167] Конгрес Словенских географа и етнографа у Скопљу, Скопски Гласник бр.67, 1930, 2.

*Друштвото* бил избран **д-р Миленко С. Филиповиќ**[168], а членови биле **д-р Душан Недељковиќ, д-р Војислав Радовановиќ, д-р Атанасије Урошевиќ** - сите професори на Филозофскиот факултет, како и други членови - професори, лекари, хемичари.

### *3.2 Политичката и културната активност на студентите низ документите на Филозофскиот факултет*

На Филозофскиот Факултет во Скопје се одвивале повеќе активности во кои учествувале студенти пред сè од Македонија, јужните делови на Србија, Црна Гора, Косово, но и од другите краеви на Југославија, од повеќе националности и религии и со различно политичко убедување. Солидарноста и взаемопомагањето за надминување многу егзистенционални, социјални, образовни, јазични, културни и други проблеми како и за слободно творештво и дружење било присутно речиси помеѓу најголемиот дел од студентите. Во тоа најчесто наоѓале поддршка и од повеќето професори на факултетот.

Некои од студентите на Филозофскиот факултет уште во средните училишта биле вклучени во напредното младинско движење и ги имале прифатено револуционерните идеи, додека други ја започнале својата револуционерна активност на самиот факултет и се вклучиле во напредното студентско движење. Активноста на овие студенти на Филозофскиот факултет станала поинтензивна во во 1935/1936 година. Тогаш тие почнале да истапуваат организирано и тоа под името „*народни студенти*" или „*Обединета студентска младина*". Во оваа група напредни студенти во споменатиот период биле: *Душан Поповиќ*[169], *Данило Лекиќ*[170], *Руменка Хаџи Панзовиќ*[171], *Видосава Обрадовиќ*[172], *Вуко Павиќевиќ*[173],

---

168 ДАРМ, 01.0323.0016.0018/072-0586, преписка на Филиповиќ Миленко, професор на Филозофскиот факултет во Скопје, водена во периодот од 1929 до 1941 година, со колегите во врска со печатење трудови и други прашања од неговата дејност.

169 ДАРМ, 01.0323.0035.0054/0549-0570.

170 ДАРМ, 01.0323.0031.0020/0166-0188.

171 ДАРМ, 01.0323.0039.0037/0391-0404.

172 ДАРМ, 01.0323.0034.0042/0403-0420.

173 ДАРМ, 01.0323.0034.0059/0558-0572.

*Апостол Апостоловиќ*[174], *Саво Драгојевиќ*[175], *Димитрије Ѓоковиќ*[176], *Божидар Нилевиќ*[177], *Васо Алигрудиќ*[178], *Риста Диневиќ*[179], *Стеван Ускоковиќ*[180] и други. Тие биле иницијатори и организатори на народното студентско движење на Филозофскиот факултет, а истовремено и преводници на борбата против студентите националисти, љотиќевци и други реакционерни елементи.

Во последната година пред војната наместо дотогашниот Клуб на народни студенти, раководната улога на единственото студентско движење преминува на партиската и скоевската организација на факултетот.[181]

Дејствувањето на напредните студенти на самиот факултет се одвивало низ разни форми и активности: борба со студентите националисти за превземање на управите во сите студентски здруженија, привлекување на неутралните и политички неопределените студенти во борбата за зачувување на автономијата на Факултетот и негово проширување, за подобрување на социјалната и економската состојба на студентите, подготовка и одржување на разни приредби во чија програма биле вклучени реферати, предавања и трудови со револуционерен и социјален карактер. Овие студенти се ангажирале и во заедничката борба на демократските и прогресивните сили надвор од Факултетот, приклучувајќи се на разни демонстрации, штрајкови и манифестации во кои се барало отфрлање на реакционерниот режим, демократизација на политичкиот живот во земјата, го искажувале незадоволството од профашистички ориентираната влада на Југославија и ги поддржувале демократските и прогресивните сили во светот во борбата против фашизмот.

---

[174] ДАРМ, 01.0323.0023.0029/0315-0329.

[175] ДАРМ, 01.0323.0026.0043/0501-0505.

[176] ДАРМ, 01.0323.0027.0024/0333-0353.

[177] ДАРМ, 01.0323.0034.0039/0363-0386.

[178] ДАРМ, 01.0323.0023.0007/0130-0150.

[179] ДАРМ, 01.0323.0026.0032/0369-0391.

[180] ДАРМ, 01.0323.0039.0014/0149-0163.

[181] Даринка Пачемска, *Улогата на напредните студенти во стручните здруженија на Филозофскиот факултет во Скопје во годините спроти Априлската војна (1938 - 1941)*, Историја - списание на Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија година XVII, Број 1,Скопје 1981, (одделен отпечаток), 166.

Целата активност на студентите на Факултетот се одвивала преку студентските друштва и здруженија. Затоа малубројните напредни студенти во 1935/36 година ја започнале борбата за преземање на управите на овие друштва кои до тогаш биле во рацете на студентите националисти. Оваа борба на напредните студенти се одвивала низ неколку фази и веќе во 1938/39 година, напредните студенти во свои раце ги имале управите на сите здуженија освен на пеачкото душтво „Обилиќ“[182]. Сепак во 1940 година напредните студенти успеале да го стават и ова друштво под своја контола, парализирајќи ја работата на студентите националисти.[183]

На Филозофскиот факултет во Скопје постоеле повеќе здруженија: Потпорно и репрезентативно здружение на студентите, стручни, културни, уметнички и спортски здруженија. Значајно место им припаѓало на стручните здруженија. Токму затоа напредните студенти на Белградскиот универзитет уште на 10 јуни 1934 година формирале акционен одбор на стручните студентски здруженија, како раководно и координативно тело на сите стручни здруженија, а во исто време имал и репрезентативна улога пред универзитетските власти.[184] Тоа значително влијаело и на напредните студенти на Филозофскиот факултет во Скопје за преземање на управите на стручните здруженија преку кои тие, особено по 1938 година, развиле забележителна активност.

Стручните студентски друштва и здруженија кои функционирале во рамките на Филозофскиот факултет се: *Географско-етнографското студентско друштво „Јован Цвијиќ“*[185], *Историското студентското друштво*[186], *Здружението на студентите по германски јазик и книжевност*, *Студентското педагошко-*

[182] ДАРМ, Фонд 480- Југословенско академско пеачко друштво „Обилиќ“- Скопје (? - 1941); 1937/1939.

[183] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0197-0335

[184] Дамјановић Милица, Напредни покрет студената Београдског универзитета, књига друга, Београд 1974, 117-122.

[185] ДАРМ, Фонд 485 Географско етнографско друштво „Јован Цвијиќ“- Скопје (? - 1941); 1929/1939.

[186] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/215, Записник конституирајуће скупштина Историског студентског друштва, при филозофском Скопском факултету, одржане на дан 12.III.1931год.

*филозофско здружение*[187], *Стручното студентско здружение за српско-хрватски јазик и книжевност*[188].

Секое од горенаведените друштва имало посебни правила, т.е. статут, кои морале да бидат во согласност со **Општата уредба на универзитетот**[189] и **Уредбата за здружување на слушателите на универзитетот**[190]. На молба од пропишан најмал број молители правилата ги одобрувал *Советот на Филозофскиот факултет* во Скопје. Тие морале да го содржат името и печатот, целите и задачите на друштвото или здружението, правата и должностите на членовите, начинот на изборот на управните тела, нивните должности и права и формите преку кои ќе се одвива активноста, односот спрема факултетските власти и тн.

Со помош на стручните студентски друштва во кои членувале, студентите требало полесно да го совладаат наставното градиво од соодветната специјалност, да развиваат љубов и интерес кон струката. Стручните друштва ги поттикнувале своите членови на самостојни истражувања, ги поттикнувале да ја развиваат својата творечка способност, да собираат материјали кои се однесувале на соодветната специјалност итн., а напредните студенти на сите овие активности се обидувале да им дадат прогресивен и револуционерен карактер.

*Географско–етнографкото друштво* било формирано во почетокот на 1929 година и функционирало сè до 1941 година. Во првите години од неговото формирање, неговите активности биле организирани од студентите националисти и биле во согласност со режимот. Но откако напредните студенти во 1938 година го зеле во свои раце управувањето со ова *Друштво*, неговата програма добила нови содржини, а активностите на *Друштвото* прогресивна ориентација.

---

187 ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0254-0255, Правила Студентског педагошко-филозофског удружења, 1931 год.

188 ДАРМ, 01.0323.0001.0072/0289-0292, Правила Студентског удружења за српскохрватски језик и књижевност на Филозофском факултету у Скопљу, 31.03.1938 год.

189 ДАРМ, 01.0323.0001.0076/0347-0432, Општа Уредба Универзитета.

190 ДАРМ, 01.0323.0001.0084/0507-0511, Уредба о изменама и допунама Уредбе о удружењима слушалаца Универзитета П.бр.12394 од 20 априла 1934 год. и Уредбе о изменама и допунама у Уредби о удружењима слушалаца Универзитета П.бр.8377 од 26 априла 1937 године.

*Студентското историско друштво* било основано во 1931 година и било едно од најактивните друштва. Особено активно било во текот на 1932/33 година, кога со ангажманот на професорот д-р Франц Месеснел се организирале повеќе научни екскурзии. Иако поради намалениот број студенти во учебната 1938 година, *Историското студентско друштво* морало да ја прекине својата работа, следната 1939 година тоа било обновено и продолжило со својата работа.

Во гореспоменатиот период не настанале некои значајни промени во целите и задачите на *Географско-етнографското друштво* и *Студентското историско друштво*. Бил сменет само начинот на организирање на активностите - наместо дотогашните приредби и научни екскурзии само во околината на Скопје, почнале да се организираат научни екскурзии низ цела Македонија. Особено се истакнало *Географско-етнографското друштво* кое ги проучувало географско-етнографските карактеристики на Македонија. Се настојувало научните екскурзии да бидат пропратени со културно-уметнички програми. Меѓутоа под форма на една ваква активност, всушност, се спроведувале ставовите на КПЈ и СКОЈ за зголемување на политичкото влијание сред широките маси, за поврзување на прогресивните сили од градот и селото, за проширување на соработката и за меѓусебно запознавање за заедничка борба на студентската, средношколската, работничката и селската младина. Напредните студенти имале за задача културно и идејно просветување на масите, а овие форми биле мошне погодни за исполнување на истата.[191]

Здружението за српско-хрватски јазик и книжевност и *Студентското педагошко-филозофско здружение* ја насочиле својата активност кон борбата за подеднаков третман на сите југословенски јазици и изучување на литературите на сите народи во Југославија. Ова секако произлегло од борбата на студентите на Филозофскиот факултет за извојување на еднакви национални права и слобода на сите народи во Југославија.

---

[191] Д.Пачемска, Улогата на напредните студенти во стручните здруженија на Филозофскиот факултет во Скопје во годините спроти Априлската војна (1938-1941),...op.cit, 169.

Стручните студентски здруженија соработувале и ги координирале своите активности и со другите студентски здруженија и друштва на Филозофскиот факултет, како на пример со напредното студентско културно друштво „*Покрет*" односно „*Нови Покрет*". Студентското културно здружение „*Покрет*" било основано 1934 година од народните студенти. Во првата привремена управа биле: *Вук Павиќевиќ, Душко Поповиќ и Руменка Хаџи Панзова.* Целта на здружението била да ги собере сите суденти на Факултетот, со сите средства да ја унапреди културно-воспитната работа меѓу студентите и да придонесе за ширење на културата надвор од факултетот. Во ова студентско друштво членувале студенти од сите групи, а истите истовремено членувале и во стручните здруженија. Неговата активност се одвивала преку одржување состаноци и културни средби, пишување реферати, песни, раскази, осврти итн. Поради напредната ориентација на ова здружение, факултетските власти барале повод да го затворат. Поводот го нашле во одржаната комеморативна седница[192] по повод годишнината од убиството на студентот Жарко Маринковиќ во Белград, одржана на 3 април 1938 година, без учество на претставник од факултетските власти. Но студентите жестоко протестирале на оваа Одлука[193], а биле поддржани и од нивните колеги од Белградскиот Универзитет, односно од Акциониот одбор на Стручните студентски здуженија кој испратил протестно писмо со 19 печати и потписи на претседателите на одредени здруженија[194]. По приемот на овој протест Деканот дозволил здружението да се обнови и реорганизира, но под името „*Нови покрет*". Под новото име здружението продолжило со својата културна и прогресивна активност сè до априлската војна.

Сите стручни студентски здруженија биле членови на Потпорното и репрезентативно здружение на студентите[195]. Годишните собранија и изборот на управата на ова здружение го спроведувале делегати од сите студентски друштва и здруженија. Со оглед на фактот дека во овој период сите стручни здруженија биле

[192] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0239-0241.

[193] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0249, *Објава декана Филозофског факултета, 06.04.1938.*

[194] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0250-0251.

[195] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/0283-0286, Правила Академског потпорног друштва у Скопљу.

во рацете на напредните студенти, тие преку своите делегати ја имале контролата и над Потпорното и репрезентативно здружение. Така во текот на 1939/40 година тројца од напредните студенти биле во самото раководство на здружението: **Бошко Шилеговиќ** бил потпретседател на здружението, **Боро Чушкарев** - секретар, а **Десанка Мириќ** - потпретседател на Надзорниот одбор.[196]

На општите студентски зборови што биле одржувани редовно, а по правило организирани од Потпорното и репрезентативно здружение, се дискутирало за највиталните прашања: одбрана и зачувување на автономијата на Факултетот, подигање на научното и стручното ниво на знаењата на студентите, слободата на говорот, самостојната работа и творењето, прашања поврзани со студентскиот дом и менза и сл.[197]

Во последните три години пред априлската војна, студентското движење на Филозофскиот факултет станало значен фактор во целокупното прогресивно и револуционерно движење во земјата. Тогаш започнале и акциите на режимот за уништување на автономијата на универзитетот. Факултетските власти и полицијата будно ги следеле сите активности на Обединетата студентска младина на Факултетот.[198] По повод големите студентски-работнички демонстрации од 14 декември 1939 година под раководство на КПЈ за мир, против војна, против скапотија, за автономија на универзитетот, за слобода на науката и сл., а и против крвопролевањата што се случиле при судирот на полицијата со демонстрантите, студентите на скопскиот Филозофски факултет презеле акции на солидарност со демонстрантите. Тие испратиле поздравно писмо до студентите и работниците во белградските демонстрации, а и протестно писмо до Влатко Мачек. На 16 декември 1939 година, во дворот на Филозофскиот факултет во Скопје бил одржан митинг на кој по повод демонстрациите во Белград зборувале студентите комунисти

---

[196] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/324-324, Извештај о конституисању Управе Потпорног удружења студената, 22.03.1939 год.

[197] ДАРМ, 01.0323.0021.0007/309-309, Објава од 25.03.1937 год.

[198] ДАРМ, книга 31: Записничка книга од седниците на Советот на Филозофскиот факултет 1929-1940 - „Записник с редовне седнице Савета Филозофског факултета у Скопљу, одржане 21 и 22 децембра 1939, с. 855-878; ДАРМ, 01.0323.0021.0007/202-202, Барање од управата на полицијата во Скопје, упатено до Деканот на Филозофскиот факултет, да доставаат податоци за студентските друштва и нивните членови, 28.03.1938 год.

Добривоје Видиќ и Антон Колендиќ.[199] Во овие акции на солидарност се вклучиле и стручните студентски здруженија.

Стручните студентски здруженија претставувале поле каде напредните студенти ја развивале својата сестрана работа, а преку нив пак тие ја обезбедувале раководната улога во целокупното студентско движење на Факултетот. Успехот на напредните студенти во создавањето на револуционерното движење на филозофскиот факултет бил овозможен од повеќе поволни околности: од повеќегодишната борба на напредните студенти во претходните години, од поголемиот прилив на напредните средношколци на Факултетот особено Македонци, од организационото обновување на партиската организација за Македонија, од формирањето на партиската и скоевската организација на факултетот и од разраснувањето на демократското и револуционерното движење на широките маси во земјата пред војната.[200]

